Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

________________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 431-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 20.02.2023 година**

Седницата се одржа на ден 20.02.2023 година со почеток во 10,00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Мирјана Радевска Стефкова**, Член на Советот
- **Ханиф Зендели**, Член на Советот
- **Зоран Герасимовски**, Член на Советот
- **Мери Радевска**, Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Сашко Георгиев**, Член на Советот
- **Мирсад Сурођи**, Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Заменик претседател и член на Советот

Отсутни членови:

- **д-р Никола Тупанчевски**, Министер за правда –уредно известен
- **Беса Адеми** , Претседател на Врховен суд на РСМ-отсутна поради неодложни активности

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Весна Михајловска** , државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот, го изложи Дневниот ред за 431-та седница.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по предложениот Дневниот ред.

За збор се јави Мери Радевска -член на Советот , која истакна дека до Судскиот совет на Република Северна Македонија,претседателот на Основниот кривичен суд Скопје, постапувајќи согласно чл.53 ст.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ, со допис Су.03 бр.72/2023 од 15.02.2023 година достави предлог листа на кандидати за избор на судии поротници кои ги исполнуваат законските услови за вршење на функцијата судија поротник регулирани во чл.42 од Законот за судовите и предложи изборот на судии поротници да се изврши на денешната седница.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека предложената точка за Дневниот ред од Мери Радевска- член на Советот, да биде точка 19, а точката 19 -"Разно", да биде точка 20 од Дневниот ред.

Откако се констатира дека друг не се јави за збор, претседателот на Советот Весна Дамева предложениот Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 13 гласа „За" е усвоен следниот :

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на:
   - Записник од 428-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 25.01.2023 година и продолжение од 26.01.2023 година ;
   - Записник од 429-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 03.02.2023 година;
2. Избор на Генерален секретар на Судскиот совет на Република Северна Македонија
3. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија
4. Разгледување на извештаи за работата на судовите во РСМ за четврто тромесечие за 2022 година;
5. Разгледување на годишен извештај за работата на судовите во РСМ за 2022 година ;
6. Разгледување на Стратешки план на Судскиот совет на РСМ за 2022 година;
7. Разгледување на Извештај на Комисија по поднесени жалби од кандидати за избор на судии;
8. Разгледување на Извештај на Комисија за повторно оценување;
9. Предлагање на судија на Уставен суд на Република Македонија од редот на судиите;
10. Одлучување по барања за патни трошоци;
11. Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Велес;
12. Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Тетово;
13. Разгледување на Извештај за констатирана состојба,
14. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година;
15. Донесување на одлука за формирање на Комисија за редовно оценување на судија/претседател на суд ;
16. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:УПП.бр.427/22,432/22,1/23,26/23, 50/23 и 61/23 само на членот на Советот Мери Радевска , од причини што ќе биде отсутна кога ќе се одржува седницата за разгледување на претставките;
17. Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба;
18. Формирање на Комисии на известители по поднесени Барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд ;
19. Избор на судии поротници во Основен кривичен суд Скопје и
20. Разно.

**Точка 1**

**Усвојување на: Записник од 428-та седница на Судскиот совет на РСМ од 25.01.2023 година и продолжение од 26.01.2023 година и Записник од 429-та седница на Судскиот совет на РСМ од 03.02.2023 година;**

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 428-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 25.01.2023 година и продолжение од 26.01.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ записникот е усвоен без измени и дополнувања(членовите на Советот Лорета Горгиева и Мирјана Радевска Стефкова истакнаа дека не биле присутни на 428-та седница, поради што нема да гласаат за усвојување на истата).

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 429-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 03.02.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор, записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека, со 11 гласа „За" записникот е усвоен без измени и дополнувања.

**Точка 2**

**Избор на Генерален секретар на Судскиот совет на Република Северна Македонија**

По 2-та точка од Дневниот ред, претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека во Советот функцијата ја извршува ВД Генерален секретар и на седница одржана на 03.02.2023 година донесен е Заклучок согласно чл. 102 од Законот за Судскиот совет на РСМ да се избере генерален секретар.Доставени се две мотивациони писма од ВД Генералниот секретар Весна Толева и државниот советник Јулијана Георгиева, кои ги исполнуваат условите за генерален секретар согласно чен 102 став 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ, а истакна и дека врз основа на спроведена анонимана анкета од вработените во стручната служба на Советот, државниот советник Јулијана доби 15, а ВД Генералниот секретар 11 гласа, по што отвори расправа по оваа точка.

Членот на Советот м-р Селим Адеми –заменик претседател на Советот изјави дека според него би требало да се слуша гласот на вработените, а Советот го бира генералниот секретар, па од тие причини ја предложи Јулијана Георгиева за генерален секретар.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека е задоволна од работењето на досегашниот ВД генерален секретар на РСМ, па од тие причини нејзиниот предлог е да биде избрана Весна Толева за генерален секретар.

Откако се констатира дека никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање предлогот на м-р Селим Адеми – заменик претседател - член на Советот, за генерален секретар да биде избрана Јулијана Георгиева.

По гласањето констатира дека со 6 гласа „За" и 7 гласа „Против" предлогот не усвоен, по што претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање предлогот Весна Толева , досегашен ВД Генерален секретар да биде избрана за генерален секретар на Советот.

По гласањето констатира дека со 12 гласа „За" и 1 глас „Против" предлогот е усвоен, по што е донесено следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За Генерален секретар на Судскиот совет на Република Северна Македонија е избрана Весна Толева - државен советник во Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Точка 3**

**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

По 3-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет се утврди дека за Злата Маџароска, судија на Основен суд Битола се исполнети услови за престанок на судиска функција поради исполнети услови за старосна пензија со навршени 64 години поради што се предлага да се донесе одлука за престанок по наведениот основ .Со оглед дека никој не се јави за збор,Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека по оваа точка од дневниот ред донесено е следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Злата Маџароска, судија на Основен суд Битола на 20.02.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

По 2-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека од страна на Зора Божиновска , судија на Основниот граѓански суд Скопје доставено е барање за престанок на судиската функција, поради здравствени причини, а поради исполнување на услови за староснa пензија - наполнети 62 години.Со оглед дека никој не се јави за збор,Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека по оваа точка од дневниот ред донесено е следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Зора Божиновска, судија на Основен граѓански суд Скопје на 27.02.2023 година, поради исполнување на услови за староснa пензија.

Претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека од страна на Мими Нанушеска , судија на Основниот суд Струга доставено е барање за престанок на судиската функција, поради исполнување на услови за староснa пензија - наполнети 63 години на 29.03.2022 година. Со оглед дека никој не се јави за збор,Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека по оваа точка од дневниот ред донесено е следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Мими Нанушеска, судија на Основен суд Струга на 20.02.2023 година, поради исполнување на услови за староснa пензија.

**Точка 4**

**Разгледување на извештаи за работата на судовите во Република Северна Македонија за четврто тромесечие за 2022 година**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека Советот согласно член 36 ст 1 алинеја 14 од Законот за Судскиот совет на РСМ ги разгледува и оценува тримесечните и годишните извештаи за работата на судовите и истите јавно ги објавува на својата веб страница а известители се Мирјана Радевска Стефкова - член на Советот и Мери Радевска - член на Советот.

Мирјана Радевска Стефкова – член на Советот во однос на четвртиот квартал што ги опфаќа месеците октомври, ноември и декември 2022 година, истакна дека ажурни се: Врховниот суд на РСМ,Апелациониот суд Скопје и Апелациониот суд Гостивар, како и основните судови на подрачје на овие апелациони судови и тоа : Основниот кривичен суд Скопје, Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци, Основен суд Кратово, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово, Основен суд Неготино , Основен суд Гостивар, Основен суд Дебар, Основен суд Кичево и Основниот суд Тетово, додека неажурен е Основниот граѓански суд Скопје. По однос на Врховниот суд на РСМ наведе дека за поздравување е тоа што е ажурен суд иако работи со 14 судии, а по систематизирани се 28 судиски места и истиот го совладал приливот и го намалил заостатокот за 57 предмети, Апелациониот суд Гостивар кој работи со 11 судии од систематизирани 16 судиски места го совладал приливот и го намалил заостатокот за 7 предмети , Основниот суд Гостивар го намалил заостатокот за 3470 предмети, Основниот суд Дебар го намалил заостатокот за 118 предмети, Основниот суд Кичево го намалил заостатокот за 357 предмети, Основниот суд Тетово кој работи со 15 од систематизирани 26 предмети го намалил заостатокот за 296 предмети, Основниот суд Гевгелија го намалил заостатокот за 1095 предмети, Основниот суд Кавадарци го намалил заостатокот за 2766 предмети.Во случајот неажурен е само Основниот граѓански суд Скопје кој го зголемил заостатокот за 762 предмети. Потоа истакна дека вкупниот целосен извештај за работата на судовите во 4 квартал за 2022 година е даден во писмена форма.

Претседателот на Советот Весна Дамева и даде збор на Мери Радевска – член на Советот, која го презентираше извештајот и истакна следно: во Вишиот управен суд систематизирани се 13 судиски места пополнети се 8, пополнетост на стручната служба е 26,76% зголемен е заостатокот за 158 предмети; во Управниот суд систематизирани се 33 судиски места пополнети се 28, пополнетост на стручната служба е 46,78% , намален е заостатокот за за 719 предмети; во Апелациониот суд Битола систематизирани се 25 судиски места пополнети се 16, на 1 му мирува, постапуваат 15, пополнетост на стручната служба е 41,12% намален е заостатокот за 157 предмети; Во Основен суд Битола систематизирани се 25 судиски места пополнети се 15 на 2 им мирува судиската функција, постапуваат 13, пополнетост на стручната служба е 46,30% намален е е заостатокот за 3030 предмети;Основен суд Крушево систематизирани се 3 судиски места пополнето е 1 со делегирање , пополнетост на стручната службае 53,85% намален е заостатокот за 58 предмети; во Основниот суд Охрид систематизирани се 18 судиски места пополнети се 12, пополнетост на стручната служба е 46,02% , намален е заостатокот за за 201 предмети; систематизирани се 18 судиски места пополнети се 12, пополнетост на стручната служба е 46,02% , намален е заостатокот за за 201 предмети;Основен суд Прилеп систематизирани се 18 судиски места пополнети се 5, пополнетост на стручната служба е 64,66% , зголемен е заостатокот за за 477 предмети;Основен суд Ресен систематизирани се 4 судиски места пополнети се 3, пополнетост на стручната служба е 40,54% , намален е заостатокот за за 321 предмети;Основен суд Струга систематизирани се 15 судиски места пополнети се 6, пополнетост на стручната служба е 40,83% , зголемен е заостатокот за 56 предмети;Апелационен суд Штип систематизирани се 16 судиски места пополнети се 9 – 1 мирува, постапуваат 8 , пополнетост на стручната служба е 40,45% , зголемен е заостатокот за за 32 предмети;Основен суд Берово систематизирани се 3 судиски места пополнето е 1 со делегирање , пополнетост на стручната служба е 38,84% , намален е заостатокот за за 492 предмети;Основен суд Виница систематизирани се 3 судиски места пополнети се 2- еден делегиран , пополнетост на стручната служба е 37,84,% , намален е заостатокот за 55 предмети;Основен суд Делчево систематизирани се 4 судиски места пополнето е 1, пополнетост на стручната служба е 50,98% , зголемен е заостатокот за 82 предмети;Основен суд Кочани систематизирани се 10 судиски места пополнети се 8-на 2 мирува постапуваат 6 , пополнетост на стручната служба е 40,96% , намален е заостатокот за 427 предмети;Основен суд Радовиш систематизирани се 6 судиски места пополнети се 2, пополнетост на стручната служба е 52,27% , намален е заостатокот за за 204 предмети;Основен суд Свети Николе систематизирани се 4 судиски места пополнети се 2, пополнетост на стручната служба е 36,84% , намален е заостатокот за за 387 предмети;Основен суд Струмица систематизирани се 20 судиски места пополнети се 10- на 1 му мирува постапуваат 9, пополнетост на стручната служба е 47,93% , намален е заостатокот за за 448 предмети;Основен суд Штип систематизирани се 19 судиски места пополнети се 12, на еден му мирува, постапуваат 11, пополнетост на стручната служба е 51,22% , намален е заостатокот за за 1005 предмети.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека намален е застатокот на предмети во сите судови, што во овие услови е навистина голем успех, имајќи ги во вид горенаведените услови, недостиг на судии и сл.

.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот за разгледување и усвојување на извештаите за работа на судовите за четврто тромесечие за 2022 година на гласање По гласањето констатира дека едногласно со 13 гласа „За“ “ предлогот е усвоен, по што ја донесе следната

ОДЛУКА

Судскиот совет на Република Северна Македонија ги разгледа и усвои извештаите за работа на судовите за четврто тромесечие за 2022 година

**Точка 5**

**Разгледување на Годишен извештај за работата на судовите во РСМ за 2022 година**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека Советот согласно член 36 ст 1 алинеја 14 од Законот за Судскиот совет на РСМ предвидено е дека ги разгледува и оценува годишните извештаи за работата на судовите и истите јавно ги објавува на својата веб страница а известители се Мирјана Радевска Стефкова - член на Советот и Мери Радевска - член на Советот.

Мирјана Радевска Стефкова, член на Советот наведе дека на годишно ниво , почнувајќи од месец јануари 2022 година, судовите ја започнале со нерешени 973338 предмети, примиле 700020 предмети, решиле 590897 предмети, нерешени останале 109123 предмети , по што може да се каже дека судовите не го совладеле приливот и го зголемиле заостатокот за 11785 предмети, од што може да се утврди како се одразува недостатокот на бројот на судии на бројот на решени предмети.

Истакна дека според статистичките податоци во 2022 година од вкупно 34 суда, ажурни биле 19, неажурни 15 од кои 2 апелациони суда и 13 основни судови.

Поединечно го презентираше извештајот за Врховниот суд на РСМ, Апелациониот суд Гостивар и основните судови за подрачје на ова апелационо подрачје и Апелациониот суд Скопје и основните судови основани за апелационо подрачје на Апелациониот суд Скопје. Според наведените податоци Врховниот суд на Република Македонија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 149 предмети. Во 2022 година Врховниот суд на Република Северна Македонија се оценува како ажурен.Апелациониот суд Гостивар во 2022 година Според наведените податоци Апелациониот суд Гостивар не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 278 предмети. Во 2022 година Апелациониот суд Гостивар се оценува како неажурен. Основниот суд Гостивар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 649 предмети.Во 2022 година Основниот суд Гостивар се оценува како ажурен. Според наведените податоци исто така Основниот суд Дебар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 82 предмети.Во 2022 година Основниот суд Дебар се оценува како ажурен. Основниот суд Кичево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 845 предмети.Во 2022 година Основниот суд Кичево се оценува како неажурен. Основниот суд Тетово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1223 предмети. Во 2022 година Основниот суд Тетово се оценува како неажурен. Апелациониот суд Скопје го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 54 предмети.Во 2022 година Апелациониот суд Скопје се оценува како ажурен. Според наведените податоци Основниот суд Велес го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 112 предмети.Во 2022 година Основниот суд Велес се оценува како ажурен. Основниот суд Гевгелија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 1 предмет.Во 2022 година Основниот суд Гевгелија се оценува како ажурен. Основниот суд Кавадарци го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 245 предмети.Во 2022 година Основниот суд Кавадарци се оценува како ажурен. Основниот суд Кратово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 2 предмети.Во 2022 година Основниот суд Кратово се оценува како ажурен. Основниот суд Крива Паланка го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 11 предмети.Во 2022 година Основниот суд Крива Паланка се оценува како ажурен. Основниот суд Куманово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 105 предмети.Во 2022 година Основниот суд Куманово се оценува како ажурен. Основниот суд Неготино го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 318 предмети.Во 2022 година Основниот суд Неготино се оценува како ажурен. Основниот кривичен суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 2829 предмети.Во 2022 година Основниот суд Скопје 1 Скопје се оценува како неажурен. Основниот граѓански суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 2864 предмети.Во 2022 година

Основниот суд Скопје 2 Скопје се оценува како неажурен, за разлика од 2021 година кога бил ажурен.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека во табеларниот дел за Управниот суд е направена техничка грешка, податоците се однесуваат за Вишиот управен суд и обратно, податоците наведени за Вишиот управен суд се однесуваат за Управниот суд, но во текстуалниот дел податоците се исправно наведени, по што продолжи со презентирање на извештајот и наведе дека во Вишиот управен суд за 2022 година го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 23 предмети. Во 2022 година Вишиот управен суд се оценува како ажурен, а исто и во 2021 година.

Управниот суд го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 342 предмети.Во 2022 година Управниот суд се оценува како ажурен, а во 2021 не бил ажурен. Апелациониот суд Битола го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 69 предмети. Во 2022 година Апелациониот суд Битола се оценува како ажурен, а во 2021 година бил неажурен. Основниот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 500 предмети.Во 2022 година Основниот суд Битола се оценува како неажурен, а и во 2021 година бил неажурен. Основниот суд Крушево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 83 предмети.Во 2022 година Основниот суд Крушево се оценува каконеажурен, а неажурен бил и во 2021 година. Основниот суд Охрид не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1178 предмети.Во 2022 година Основниот суд Охрид се оценува како неажурен, како и во 2021 година. Основниот суд Прилеп не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1604 предмети.Во 2022 година Основниот суд Прилеп се оценува како неажурен, а во 2021 година бил ажурен. Основниот суд Ресен го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 6 предмети.Во 2022 година Основниот суд Ресен се оценува како ажурен, а бил ажурен и во 2021 година. Основниот суд Струга не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1259 предмети.Во 2022 година Основниот суд Струга се оценува како неажурен, како и во 2021 година. Апелациониот суд Штип не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 355 предмети.Во 2022 година Апелациониот суд Штип се оценува како неажурен, како и во 2021 година. Основниот суд Берово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 188 предмети.Во 2022 година Основниот суд Берово се оценува како ажурен, а во 2021 година не бил ажурен. Основниот суд Виница го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 152 предмети.Во 2022 година Основниот суд Виница се оценува како ажурен , а во 2021 година бил неажурен.

Основниот суд Делчево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 331 предмети.Во 2022 година Основниот суд Делчево се оценува како Ннеажурен, а исто и во 2021 година бил неажурен. Основниот суд Кочани не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 268 предмети.Во 2022 година Основниот суд Кочани се оценува како неажурен, за разлика од 2021 година кога бил ажурен. Основниот суд Радовиш не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 387 предмети.Во 2022 година Основниот суд Радовиш се оценува како неажурен, како и во 2021 година.. Основниот суд Свети Николе го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 66 предмети.Во 2022 година Основниот суд Свети Николе се оценува како ажурен , за разлика од 2021 година. Основниот суд Струмица го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 231 предмети.Во 2022 година Основниот суд Струмица се оценува како ажурен, а бил ажурен и во 2021 година. . Основниот суд Штип не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 586 предмети.Во 2022 година Основниот суд Штип се оценува како неажурен, а во 2021 година бил ажурен.Воедно истакна дека во 2022 година во судовите е зголемен приливот за 32000 предмети, што значи дека судовите имаат зголемен обем на работа. Истакна дека 185 лица биле примени со договор, на кои им престанал работниот однос и потребно е да се добијат согласности од Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество, како би се вклучиле во решавањето на предметите.

По однос на старите предмети, наведе дека предмети постари од 3 години има 2568 и заостатокот е зголемен за 262 предмети во судовите во РСМ.Предмети постари од 7 години има 228 и заостатокот е зголемен за 25 предмети и предмети постари од 10 години има 118 при што заостатокот е зголемен за 7 предмети и истакна дека при посетите во судовите треба да се

утврдат причините за тоа.Со тоа се согласи и претседатателот на Советот Весна Дамева која истакна дека токму од тие причини во заклучоците за посетите во судовите е наведено да се утврди каква е состојбата со старите нерешени предмети, а членот на Советот Мери Радевска истакна дека токму сега е моментот да се направи длабока анализа за состојбите во судството.Претседателот на Советот Весна Дамева предложи да се донесе заклучок со кој се формира работна група во која ќе бидат членовите на Советот Сашко Георгиев, Лорета Горгиева и Миљазим Мустафа да извршат соодветна анализа за состојбите во судството.

Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот на гласање. По гласањето констатира дека едногласно со 13 гласа „За“ “ предлогот е усвоен, по што го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ФОРМИРА** Работна група која ќе изврши детална анализа по однос на бројот на потребни судиски места и судски службеници по судови во Република Северна Македонија и ќе даде предлог за реализација на судската мрежа, истиот да се објави на веб страницата , а работната група да достави Извештај со податоци и предлози до Судскиот совет на Република Северна Македонија во состав од:

-**Сашко Георгиев –претседател;**
**- Лорета Горгиева-член и**
**- м-р Миљазим Мустафа –член.**

По однос на реферираните извештаи, Селим Адеми заменик претседател и член на Советот истакна дека со оглед на големиот број завршени предмети од страна на судиите во судовите во 2022 година , а во наведените услови , наведе дека истакнува почит кон судиите за вака обемна и сложена работа на судиите, со што се сложо и претседателот на Советот Весна Дамева.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот за разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на судовите во РСМ за 2022 година на гласање. По гласањето констатира дека едногласно со 13 гласа „За“ “ предлогот е усвоен, по што ја донесе следната

О Д Л У К А

Судскиот совет на Република Северна Македонија ги разгледа и усвои годишните извештаи за работа на судовите за 2022 година

**Точка 6**
**Разгледување на Стратешки план на Судскиот совет на РСМ за период 2023-2024 година**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека Стратешкиот план на Судскиот совет на РСМ е двегодишен и во него се определуваат цели кои понатаму треба да бидат имплементирани. Воедно во прилог е и акцискиот план на Советот за истиот период и ги наведе приоритетите кои Советот ќе ги има во следниот двегодишен период и тоа : 1.Унапредување на независноста на судството, со дадени седум цели, 2. Унапредување на системот за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите;3.Подобрување на ефикасноста во функционирањето на Советот; 4. Идентификуваање на клучните фактори во борба со корупцијата;5.Зајакнување на транспарентноста за зголемување на довербата на јавноста во работата на Судскиот совет и 6.Унапредување на домашна, регионална и меѓународна соработка како со домашни, така и со меѓународни организации, донатори и организации од граѓанскиот сектор .

Претседателот на Советот Весна Дамева, пред да отвори расправата истакна дека има забелешка која според неа е од суштинско значење иако е на почетокот во самиот вовед и нејзин предлог е дека треба да биде одстранета, имено во воведот во точка 1. 1. каде стои “Судскиот совет е самостоен и независен орган“..,а да се брише- “ но и како баланс на трите власти во државата“ - тоа да се избрише, имено судството е една од трите власти и не е баланс на другите власти, освен законските- како измена на закони и слично и затоа смета дека овој дел од реченицата треба да биде избришан.Воедно истакна дека ова е документ, кој може да биде дополнет во секое време.

За збор се јави Мирјана Радевска Стефкова - член на Советот, која истакна дека се согласува со целите на стратешкиот план на Советот.Наведе дека има една техничка грешка на страна 6 каде што се општите надлежности во однос на мандатот на членовите , а потоа следи одредба дека на член на Советот му престанува мандатот(почнува на страна 5)со истек на времето за кое е избран, по негово барање а третата точка е со исполнување на услови за старосна пензија согласно со Законот што не е во согласност со член 31 од Законот за Судскиот совет, а таков основ во постоечкиот закон нема, така да според неа истото треба да се изостави, по што претседателот на Судскиот совет Весна Дамева истакна дека направен е превид и истото треба да се корегира од страна на Генералниот секретар на Советот.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот за разгледување на Стратешкиот план за 2023-2024 година на гласање. По гласањето констатира дека едногласно со 13 гласа „За“ “ предлогот е усвоен, по што ја донесе следната

**О Д Л У К А**

СЕ УСВОЈУВА Стратешкиот план на Судскиот совет на Република Северна Македонија за период 2023-2024 година

**Точка 7**
**Разгледување на Извештај на Комисија по поднесени жалби од кандидати за избор на судии**

Претседателот на Судскиот совет, Весна Дамева истакна дека постапката за вонредно оценување на кандидатите за избор на судии е финализирана и доставени се ранг листите до Врховен суд на РСМ, но со оглед дека до Советот се доставени жалби од 2 кандидати за избор на судии на решенијата за оценување, потребно е да се разгледаат на седницата најнапред овие жалби,па од страна на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд изготвен е Извештај со предлог по однос на изјавените жалби од Комисијата чиј претседател е Селим Адеми, заменик претседател на Советот, кој зема збор и истакна дека врз основа на новата Методологија за рангирање на кандидати во повисок суд , Комисијата за рангирање врз основа на Правилникот за рангирање достави ранг листа на кандидатите и до сите кандидати, со формулар со кој се оценети , а кандидатите имаат право да поднесат жалба до Комисијата - за што одлучува Судскиот совет - за начинот на рангирање, односно образецот во кој се содржани бодовите.До Комисијата доставени се жалби од двајца кандидати и тоа судија Татјана Дуковска и судија Данка Ристова.Наведе дека кандидатот судија Татјана Дуковска во жалбата наведува дека во образецот каде што се доделуваат 5 бода за стручни трудови , истата нема добиено бодови, иако судијата смета дека истите треба да и бидат доделени, со оглед да истата учествувала во изготвување на стручни трудови во Академијата за судии и јавни обвинители.Според Комисијата,на судијата не и биле доделени 5 бода од причина што истата нема доставено доказ дека има изготвено стручни трудови, каде се објавени и слично, а како стручен, научен труд, според Комисијата не може да се земат во предвид изготвените прашања во Комисијата за подготовка на прашања за кандидатите во Академијата за судии и јавни обвинители. Истото во својата жалба го наведува и судијата Данка Ристова дека учествувала во Програмскиот совет на Академијата и изготвила научен труд, иако не доставила доказ дека има објавено таков научен труд.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Извештајот на Комисијата , по однос на жалбата поднесена од Татјана Дуковска, судија на Апелациониот суд Скопје.

За збор се јави Мирјана Радевска Стефкова, член на Советот која наведе дека Татјана Дуковска, судија на Апелациониот суд Скопје во жалбата се повикува на член 4 ст.2 алинеја 3 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите, не се повикува на алинеја 2 .Алинејата 3 се однесува дека има изработено образовни материјали за потребите на Академијата за судии и јавни обвинители, за што се добиваат максимум 5 поени, по еден поен за секој материјал, што го правела кога учествувала во Програмскиот совет на Академијата. Воедно се повикува и од одредбите на Законот за Академијата - чл. 39, за што доставува потврда од Академијата од 09.11.2022 година, за тоа дека имала ангажман како член на Програмскиот совет - петта генерација , ментор, членување во органи и комисии и член на Програмски совет каде се изработуваат образовните материјали по член 4 ст.2 алинеја 3 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите.

За збор се јави Мери Радевска- член на Советот, која истакна дека и до сега имало вакви забелешки и Советот има начин и изграден став за тоа како одлучува -така што – доколку кандидатот што е судија не достави доказ за она што се бара, не може да му се земе во предвид разликата меѓу научен материјал и образовен материјал е различна и Комисијата кога ги разгледувала жалбите , зборувала за образовен материјал, за она што го имала како доказ и ссудиите мора да научат дека кога има оглас , треба да достават целосна документација што се бара и никој друг не е должен да собира документација за судијата.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот разгледување на Извештај на Комисија за избор на судии на гласање, по поднесена жалба од кандидатот Татјана Дуковска, судија на Апелациониот суд Скопје. По гласањето констатира дека гласале 12 од кои со 10 гласа „За“ и 2 гласа “Против“ жалбата се одбива како неоснована, предлогот на Комисијата е усвоен, по што ја донесе следната

## О Д Л У К А

1. Жалбата на Татјана Дуковска, судија на Апелациониот суд Скопје, изјавена против ранг листа на кандидати за избор на двајца судии на Врховниот суд на РСМ за кривична област бр.09-202/5 од 31.01.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

2. Ранг листата на кандидати за избор на двајца судии на Врховниот суд на РСМ за кривична област бр.09-202/5 од 31.01.2023 година,за кандидатот судијата Татјана Дуковска останува неизменета.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека следната жалба е поднесена од Данка Ристова, судија на Апелациониот суд Штип и му даде збор на Претседателот на Комисијата –м-р Селим Адеми -заменик претседател на Советот – член на Советот, кој истакна дека Данка Ристова, судија на Апелациониот суд Штип има доставено навремена жалба, со која бара да и биде уважена жалбата и да и бидат доделени уште 5 бода.Судијата наведува дека при вреднување по однос на дополнителна работа, Комисијата треба да има во предвид учество на судијата при изготвување на испитни прашања за кандидати за приемен испит како образовен материјал за Академијата за судии и јавни обвинители и согласно член 3 ст. 2 алинеја 3 од правилникот да и додели 5 бода, затоа што за Академијата изготвувала испитни прашања од кривична област. По разгледување на жалбата, Комисијата предлага жалбата да се одбие како неоснована, имено, судијата не доставила доказ за она што се бара, судијата за тоа што составува испитни прашања само за кандидатите на Академијата , а за тоа зема надоместок и не станува збор за научен труд. На прашање на членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова –како е оценет кандидатот, од причини што нема материјал, а на што претседателот на Советот се обрати до Генералниот секретар во иднина целосно да се доставуваат сите материјакли до членовите на Советот и исцрпно да се реферира, заменик претседателот на Советот, членот на

Советот м-р Селим Адеми истакна дека за графата дополнителна работа од максимум 5 има вкупно 5 бода, а за менторска едукација – тоа е под друга графа.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот - разгледување на Извештај на Комисија за избор на судии на гласање по поднесена жалба од кандидатот Данка Ристова- судија на Апелациониот суд Штип. По гласањето констатира дека гласале 12 од кои со 9 гласа „За“ и 3 гласа “Против“ жалбата се одбива како неоснована, предлогот на Комисијата е усвоен, по што ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Жалбата на Данка Ристова, судија на Апелациониот суд Штип изјавена против ранг листа на кандидати за избор на двајца судии на Врховниот суд на РСМ за кривична област бр.09-202/4 од 31.01.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

2. Ранг листата на кандидати за избор на двајца судии на Врховниот суд на РСМ за кривична област бр.09-202/4 од 31.01.2023 година за кандидатот Данка Ристова останува неизменета.

**Точка 8**

**Разгледување на Извештај на Комисија за повторно оценување**

Претседателот на Судскиот совет на РСМ Весна Дамева, истакна дека согласно член 97 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е спроведено повторно оценување и од страна на Комисијата за повторно оценување, изготвен е Извештај за повторно оценување на Ацо Тасев судија на Основен суд Штип и Александар Шопов, судија на Основниот суд Велес и дадени се предлог оценки, по што му даде збор на Мирсад Суроји – член на Советот како претседател на Комисијата, кој истакна дека Комисијата изврши повторно оценување на работата на Александар Шопов, судија на Основен суд Велес за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2020 година од причини што е констатиран пропуст при засметување на бодовите за периодот од 01.01.2019 до 29.04.2019 година, кога судијата бил претседател на Основниот суд Велес и за периодот од 30.04.2019 година до 30.10.2019 година како ВД претседател на судот. Повторно оценување Комисијата изврши и на Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип за периодот 01.01.2019 година до 21.12.2020 година, од причина што бил констатиран пропуст при засметување на решените предмети од страна на судијата за периодот додека бил упатен на работа во Основен суд Виница.По завршување на целокупната постапка и по сумирање на бодовите квантитативни и квалитативни , Комисијата ги предлага до Советот предлог - оцените дадени табеларно.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање предлогот - Ацо Тасев, судија на Основниот суд Штип повторно да се оцени По гласањето констатира дека гласале 13 и одлуката е донесена едногласно, по што го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип вонредно се оценува за периодот од 01.01.2019 до 21.12.2020 година, со ПОЗИТИВНА ОЦЕНКА.

Претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање предлогот –Александар Шопов, судија на Основниот суд Велес повторно да се оцени. По гласањето констатира дека гласале 13 и одлуката е донесена едногласно, по што го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Александар Шопов, судија на Основен суд Велес вонредно се оценува за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2020 година, со ПОЗИТИВНА ОЦЕНКА.

Точка 9

**Предлагање на судија на Уставен суд на Република Северна Македонија од редот на судиите**

Претседателот на Судскиот совет на РСМ Весна Дамева, истакна дека Советот согласно член 36 алинеја 10 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е надлежен да предлага двајца судии на Уставниот суд на РСМ од редот на судиите.Истакна дека веќе еден судија е предложен од Судскиот совет на РСМ и тој веќе ја врши судиската функција, а останува непополнето местото на судијата Вангелина Маркудова, на која и е истечен мандатот и на нејзино место треба Советот да предложи кандидат кој предлог ќе се достави до Собранието на РСМ за Уставен судија .Согласно Деловникот на Судскиот совет на РСМ член 30 став 3, секој член на Советото со право на глас, со поддршка од уште најмалку тројца членови со право на глас, има право да предложи кандидат за судија на Уставниот суд на РСМ.Воедно ги повика членовите да земат учество за точката 9 на Дневниот ред и да ги истакнат своите предлози за судија на Уставниот суд на РСМ.

За збор се јави членот на Советот Зоран Герасимовски, кој истакна дека за судија на Уставниот суд го предлага кандидатот –судијата Елизабета Дуковска –граѓански судија од Одделот за стопански спорови при Апелациониот суд Скопје, а поддршка за тоа има од членовите на Советот Сашко Георгиев, м-р Ивица Николовски и Мери Радевска.Наведе дека судијата Елизабета Дуковска родена е на 30.07.1961 година. Дипломирала на Универзитетот „Кирил и Методиј" –Правен факултет Скопје, а правосуден испит положила на 15.02.1990 година. Во своето долгогодишно искуство од 01.04.1990 година работела во Основен суд на здружен труд Скопје како стручен соработник.Од 01.01.1992 година работела во Окружен стопански суд Скопје како стручен соработник.Од 01.07.1996 година работела како стручен соработник во Основен суд Скопје 1 Скопје.Од 10.01.1997 година работела како стручен соработник во Апелационен суд Скопје.На 19.03.2004 година избрана е за судија на Основниот суд Скопје 1 Скопје, каде постапувала по предмети во стечајно одделение, а од јули 2007 година работела како стечаен судија во Основниот суд Скопје 2 Скопје.На 19.11.2009 година избрана била за судија на Апелациониот суд Скопје, каде постапувала по предмети во трговскиот оддел и по истите сеуште постапува и несебично помагала за сите спорни прашања.Во извршувањето на судиската функција судијата Елизабета Дуковска покажува високи професионални квалитети, совесно и стручно ги извршува своите работни задачи, за што била оценета со највисоки позитивни оценки за своето работење од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Како судија има учествувано на голем број тренинзи и едукативни работилници, учество како ментор и предавач во Академијата за судии и јавни обвинители,коавтор на коментари на закони,член во работни групи и слично. Судијата има коректно и професионално однесување, со што дава и свој личен придонес во подигањето на угледот и достоинството на судиската функција и истакна дека овој кандидат е правиот избор од Судскиот совет да биде предложена за судија на Уставен суд на Република Северна Македонија .

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по предлогот при што за збор се јави Тања Чачарова Илиевска –член на Советот, која истакна дека само сака да даде поддршка за предложениот кандидат и дека долги години работејќи како адвокат, имала можност и лично да ја запознае судијата и дека во својата работа навистина судијата покажувала извонредни резултати и како судија во основен суд и како судија на апелационен суд каде долго години работи.

Мирјана Радевска Стефкова, член на Советот, истакна дека се согласува со предлогот на членот на Советот Зоран Герасимовски и истакна дека има и свој предлог за кандидат и наведе дека би сакала да предложи кандидат од судиите во Врховниот суд, но поради тешката бројчана состојба со која се соочува наведениот суд, сепак нејзиниот предлог би бил судија од апелационен суд , а тоа е Татјана Сусулеска од Апелациониот суд Битола, за кој предлог, согласно Деловникот, поддршка дадоа членовите на Советот - Сашко Георгиев, Зоран Герасимовски, м-р Селим Адеми и Ханиф Зендели, по што членот Мирјана Радевска Стефкова

истакна дека се работи за долгогодишен судија, била избрана за судија во Основниот суд Прилеп 1996 година во кој работела како стручен соработник од 1988 година, избрана била за судија на Апелациониот суд Битола 2008 година, била и ВД претседател на Основниот суд Ресен, делегирана од Судскиот совет , од 2011 година - претседател на Одделот за судска пракса во Апелациониот суд Битола и главен и одговорен уредник на Билтенот за судската пракса во Апелациониот суд Битола, како судија имала низа активности, во периодот од 2015 - 2016 година - претседател на Комисијата за приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители, 2018-2019 излагач и модератор на меѓународни конференцииво организација на Здружението на судии , од 2007 година постојан едукатор во Академијата а била ангажирана и како повремен гостин едукатор во областа на стопанското право на Правниот факултет, на Комора на стечајните управници и Комората на извршители, учесник во проекти на Министерство за правда, работна група за изготвување на прашања и случаи за испит на медијатори, учествувала на меѓународни конференции, реализирани обуки како едукатор во областа на трговското право и стечај,постапки за заштита на авторски права и интелектуална сопственост а има и објавени трудови, "Водич за стечај" од 2007 година , "Водич низ стечајната постапка", "Одговорност на трговецот- поединец", "Извршување и стечај" објавено во "Правник" "Односот на извршната постапка и стечајната постапка" објавено во ревија на Комората на извршители и други трудови и на крај наведе дека станува збор за две квалитетни и солидни судии на Апелационите судови Битола и Скопје .

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева, која истакна дека лично очекувала од претседателот на Советот членовите да бидат запознаени со поднесената кандидатура од страна на судијата Антоанета Димовска, судијата сама има поднесено кандидатура за судија на Уставниот суд на РСМ, иако во материјалите за седницата не е ставен овој допис-кандидатура и прв пат се случува да биде навремено доставена лично од страна на судија кандидатура пред истек на мандат на претходен судија во Уставен суд. Истакна дека од причина што тоа не е направено, од нејзина страна сака да го прочита CV-то на судијата Антоанета Димовска дадено во дописот од 26.09.2022 година кој бил скениран, иако на Колегиум кога Претседател била Павлина Црвенковска – член на Советот било прочитано нејзиното CV со нејзината кандидатура.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека поднесената кандидатура ја нема во материјалите од причина што, како што и сама наведе членот на Советот Лорета Горгиева , сите членови на Советот биле запознаени со поднесената кандидатура, а била доставена во време кога не била претседател на Советот, била прочитана на колегиум во време на претходниот претседател на Советот и сите членови биле запознаени со истото , а тој материјал не е облигаторен да се доставува во материјали за седница, од причина што ниту Законот за Судскиот совет на РСМ , ниту Деловникот не нуди можност некој да се пријави и да изрази кандидатура лично , што значи ирелевантен е фактот кој претходно се пријавил , Судскиот совет одлучува при давање на предлог за избор на кандидат за судија на Уставен суд на РСМ согласно член 98 од Законот за Судскиот совет на РСМ и член 30 од Деловникот, така да добро е што членот на Советот Лорета Горгиева истакнала предлог, не може на штета на било кој бидејќи Лорета Горгиева била запозната со дописот во моментот на неговото поднесување , а Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека не била запозната со тој допис, се запознала со истиот на некој од работните состаноци, но не може било кој кандидат сам да се пријавува, во спротивно би било селективно однесување спрема останатите судии во државата на кои што не им било укажано во деветти месец дека имаат можност да се пријавуваат, па Советот врз основа на личните пријави да одлучува.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека по однос на предлогот што го истакна членот на Советот Лорета Горгиева , како и за претходните два предлога , потребно е да се почитува Деловникот и потребно е да се добие поддршка од најмалку три члена на Советот за да може понатаму да се реферира и да се дадат податоци по однос на биографијата и други стручни квалификации.

Предлогот на членот на Советот Лорета Горгиева доби поддршка од најмалку три члена на Советот - м-р Миљазим Мустафа, Ханиф Зендели и Сашко Георгиев и воедно истакна дека ќе каже само една реченица , имено смета дека за кандидатура за ваква сериозна номинација за ваква сериозна функција предлозите и биографиите на сите кандидати било потребно да бидат доставени претходно во материјали со цел сите членови да имаат увид во нив и да се запознаат со истите .

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека заради присутната јавност мора да истакне дека на една од минатите седници било истакнато дека оваа точка се оддолговлекува и било договорено истата да биде разгледувана на седница оној момент кога сите членови ќе бидат спремни, но без имиња, бидејќи не била научена да чита нечии имиња, затоа останало денес и таа како Претседател на Советот да ги слушне имињата, до сега слушнала два предлога, и сега од членот на Советот Лорета Горгиева трет предлог и до сега воопшто не ги знаела предлозите и тоа не е нејзин начин на работа.

Од страна на членот на Советот Лорета Горгиева беше изложена биографијата на судијата Антоанета Димовска - имено судијата Антоанета Димовска од Основниот граѓански суд Скопје избрана за судија во 1996 година е родена во 1964 година во Охрид и со оглед на тоа дека била координатор за овој суд, истакна дека може да каже само пофалби за судијата завршила Правен факултет на Универзитетот Кирил и Методиј 1982-1987 година, од 12.06.2017 година е магистер по право- граѓански материјално и процесно право, февруари 1990 година има положено правосуден испит, од јули до август 1999 година поминува едукација во Дјук - Женева институт за транснационално национално право,јуни 2000 година Курс за право на пазарна економија во организација на Американската Адвокатска асоцијација-Прага, ноември 2000 година –Обука за обучувачи во организација на Ирскиот институт за администрација, април 2005 година Обука за обучувачи во организација на проект за модернизација на судскиот систем во Македонија, Октомври 2005 година Пилот тренинг за обучувачи за Европското право, април 2007 семинар за препознавање и упатување на медијација, ноември 2009 година Обука за обучувачи во организација во рамките на програмата за реформите на судството ,април 2011 - Завршена обука за медијатор, едукатор и ментор во Академијата за суии и јавни обвинители постојана соработка со Правниот факултет Јустинијан Први за практична обука на студенти за примена на Облигационото и процесното право, едукации во Академијата за судии и јавни обвинители, во 2010 година - доделено признание за најдобро лице за односи со јавноста во судството од страна на Програмата за реформи во судството УСАИД Македонија, национален тутор ХЕЛП on line курсеви на Советот на Европа за примена на чл. 1 од Конвенцијата за заштита на човекови права, Член на Комисија за изготвување нацрт Закон за парнична постапка 2019-2021 година, член на Комисија за изготвување на Граѓанскиот законик 2022 година.

Претседателот на Советот Весна Дамева ги запраша членовите на Советот дали некој од нив има предлог за друг кандидат за судија на Уставен суд на РСМ, или да се произнесе по дадените предлози по што,откако никој од членовите не се јави за збор, Претседателот на Судскиот совет на РСМ Весна Дамева, истакна дека предложените кандидати односно нивните имиња прв пат ги слуша како и нивните биографии во смисла на даден придонес од нивна страна во стручната пракса , а другите податоци во однос на квалитативните и квантитативните критериуми ги има и истакна дека секогаш најнапред им дава збор на членовите на Советот да го кажат своето мислење, а нејзиното мислење го остава на крај со цел да не се стекне сомнеж дека наметнува некакво мислење, но со оглед дека е исцрпена расправата и никој од членовите не се јави за збор, истакна дека по однос на оваа многу важна функција која е со мандат од девет години и која е од значаен интерес за државата , потребно е Советот да даде добро образложен предлог до Собранието.Наведе дека неспорно е дека од сите биографии што беа изложени за предложените за кандидати, сите се со голем судиски стаж и тоа над 15 години, како што предвидува член 98 став 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ и неспорно е дека сите три предлози за кандидати имаат придонес за развојот на стручната и теоретската мисла и на правниот систем што е наведено во истиот член. Исто така согласно овој член се бара и

претходно да е утврдена оцена на нивните вкупни резултати во работата на судиите, па имајќи во предвид дека во тек е оценување и двајца од овие кандидати се веќе оценети , а третиот кандидат не е оценет бидејќи воопшто не е пријавен , истакна дека ќе го каже својот личен став за кого ќе гласа и уште еднаш се обрати до членовите на Советот доколку сакаат да го кажат својот личен став односно да го образложат истиот.

Со оглед да никој не се јави за збор, Претседателот на Судскиот совет истакна дека за неа најприфатливо за избор на судија во Уставниот суд на РСМ е да биде судија од Врховниот суд на РСМ и за неа тоа воопшто не е спорно, но со оглед на малиот број на судии во овој суд би се нарушила работата на овој суд и истакна дека од тие причини смета да најприфативо е да биде предложен судија од второстепен суд , а не од основен суд и според неа кандидатот што е предложен од страна на членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова- судијата Татјана Сусулеска не е пријавена на огласот за кандидат за Врховен суд на РСМ поради што кај неа, што не мора да биде во право, остава сомнеж дека истата не сака да напредува во кариерата,а предлогот на членот на Советот Зоран Герасимовски за кандидатот Елизабета Дуковска, судија на Апелациониот суд Скопје и е поприфатлив, со оглед да истата судија конкурирала на огласот за судија во Врховниот суд на РСМ, што значи дека истата има амбиции да напредува во кариерата , а од друга страна истата е оценета и е рангирана многу високо и тоа се нејзините аргументи дека овој кандидат за судија за неа е најсоодветниот кандидат и за неа најприфатлив, со оглед дека овие кандидати за судии, согласно новата методологија се оценувани и од страна на другите судии и кај неа нема сомнеж дека се работи за еден исклучително добар судија. Уште еднаш истакна дека тие се нејзините аргументи и сите наводи од биографиите, извршените анализи и погоре наведените аргументи се доволно причини својот глас да го даде за овој кандидат.

Членот на Советот Лорета Горгиева се извини и истакна дека мора да се вклучи во дискусијата и наведе дека Претседателот на Советот со својата дискусија девалвира судија кој доаѓа од редот на судиите од основен суд, тоа значи судијата Антоанета Димовска, а со истото тоа истакна дека Претседателот на Советот заборава дека претходно предложениот судија и едногласно изгласана, а сега претседател на Уставниот суд, почитуваната судија Добрила Кацарска доаѓа од Основниот кривичен суд и процедурално истакна дека Претседателот на Советот со својата дискусија дала сосема погрешен тек на работите и требало секој предлог да биде ставен на гласање без да се прејудицира, а со својот став и глас како Претседател на Советот да се става слика на протежирање на некој кандидат, туку да се гласа за секој кандидат.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека воопшто не се работи за идентични случаи, имено судијата Добрила Кацарска тогаш била еден и единствен предлог кандидат и во тој момент за тој Судски совет овој кандидат бил прифатлив.Воедно истакна дека го искажала својот став без да протежира и наметнува ниту еден кандидат, имено во Советот осум члена се од редот на судиите и според неа треба отворено да се дискутира и зборува за секој нивни предлог, а лично ниту протежира ниту наметнува нејзин став, како претседател е еднаква со сите членови , го искажала својот личен став и смета дека кај сите членови на Судскиот совет бидејќи сите имаат интегритет, ниту едно мислење не може да биде појако од фактите, доказите и аргументите и од тие причини сите членови на Советот ги прашала дали имаат нешто да кажат и нејзиниот коментар на крај го дала. По однос на девалвацијата, поради јавноста , како и поради присуството на судии од основни судови кои исклучително ги почитува и тоа лично секој од нив го знае и со сите има одлична соработка , истакна дека воопшто не ги навредила бидејќи добро ги образложила причините имало предлози и од второстепени судии и од првостепен судија, што не значи дека судиите од основните судови се помалку вредни, помалку совесни, помалку стручни и во овој момент според дадените предлози, тоа е нејзиното мислење, се оградува од било каков став и истакна дека навистина немала намера никого да девалвира, можеби нареден пат кога ќе дојде предлог и за судија на основен суд , неговата биографија ќе натежне наспрема предлог за судија од апелационен суд или трет степен -

Врховен суд итн. и на секоја седница за секое прашање се отвара расправа , се дискутира и секој го искажува својот став и ги замоли членовите на Советот дискусијата на секој подинечно да не остави дамка на целиот процес.

На прашање на претседателот на Советот Весна Дамева дали некој од членовите има нешто да каже и дискутира, никој не се јави за збор, а потоа постави прашање до членовите дали за предлозите поединечно да се гласа според редоследот на дадените предлози, за што членовите се согласија, со оглед да никој не се спротивстави на истото истакна дека најнапред беше даден предлог од членот на Советот Зоран Герасимовски – за предлог на судија на Уставен суд да се предложи Елизабета Дуковска, судија на Апелациониот суд Скопје .

Претседателот на Советот Весна Дамева, го стави на гласање предлогот за кандидат за избор на судија на Уставен суд на Република Северна Македонија Елизабета Дуковска – судија на Апелациониот суд Скопје да биде предложена за судија на Уставен суд. По гласањето се констатира дека гласале 13 од кои со 11 гласа „За“ и 2 гласа “Против“ и со оглед на наведеното, не се пристапи кон гласање за останатите предложени кандидати, по што се констатира дека е усвоен следниот

П Р Е Д Л О Г

Се утврдува предлогот Елизабета Дуковска,судија на Апелационен суд Скопје за избор на еден судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија, од редот на судиите во Република Северна Македонија .

Да се достави утврден предлог за избор на судија на Уставен суд на РСМ од редот на судиите до Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија .

Членот на Советот Лорета Горгиева зема збор и наведе дека процедурално потребно е да се гласа за сите кандидати, одлуката не е донесена едногласно, можеби некој од кандидатите ќе добие 13 гласа, на што претседателот на Советот истакна дека веќе е избран судија, согласно Деловникот, штом е донесена одлуката , не може да се носи втора и трета одлука, а законската одредба е одлуката да се донесе со 8 гласа “ЗА“ и замоли да не се доведува до ваква состојба и да се гради угледот на Судскиот совет.

**Точка 10**
**Одлучување по барања за патни трошоци**

Претседателот на Советот Весна Дамева по оваа точка од Дневниот ред , истакна дека во Советот се доставени барања за надомест на патни трошоци на судии кои судиската функција ја вршат во други судови, а во прилог се доставени и докази за патните трошоци и тоа од судијата Сафет Кадрии- судија на Врховен суд на РСМ,кој живее во с. Стримница – Желино – Тетово, Сузана Спасова претседател на Основен суд Виница,која живее во Кочани и Васка Петрова,судија на Апелационен суд Штип,која живее во Виница.Барањата се ставени во една точка, а ќе се разгледуваат поединечно.Најнапред ќе се разгледува барањето на Сафет Кадрии, судија на Врховен суд на РСМ, по што претседателот отвори расправа.

Во расправата земаа збор членовите на Советот -Сашко Георгиев,м-р Ивица Николовски Зоран Герасимовски, Мери Радевска,Тања Чачарова-Илиевска, Лорета Горгиева, м-р Миљазим Мустафа дискутираа во врска со висината на патните трошоци, за тоа дека постои и Закон за патни трошоци на избрани и именувани функционери,каде патните трошоци се определуваат на друг начин, по што Претседателот на Советот истакна дека потребно е да се обратат до предлагачот на законот со цел да се изврши корекција во наведената смисла, доколку за тоа има оправдани причини и истото добро да се образложи и веќе формираната работна група да изготви одредена анализа за тоа.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот на судијата Сафет Кадрии , судија на Врховен суд на РСМ за надомест на патни трошоци на гласање. По гласањето се констатира дека едногласно со 13 гласови “ЗА, се констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на Сафет Кадрии, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија за надомест на трошоци , СЕ УВАЖУВА:
На Сафет Кадрии, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија СЕ УТВРДУВА:- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 07.02.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Врховен суд на Република Северна Македонија, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација с. Стримница-Тетово- Скопје и обратно.

Претседателот на Советот го изложи второто барање, кое е од Сузана Спасова претседател на Основен суд Виница,која живее во Кочани и по истото отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот на судијата, Сузана Спасова претседател на Основен суд Виница, за надомест на патни трошоци на гласање. По гласањето се констатира дека едногласно со 13 гласови “ЗА, се констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на Сузана Спасова, претседател на Основен суд Виница за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.
На Сузана Спасова, претседател на Основен суд Виница и се СЕ УТВРДУВА:- право на надомест на трошоци за превоз како судија/претседател којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 08.02.2023 година, па во иднина се додека ја извршува функцијата претседател во Основен суд Виница, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Кочани-Виница и обратно.

Претседателот на Советот го изложи барањето, кое е поднесено од Васка Петрова,судија на Апелационен суд Штип,која живее во Виница и отвори расправа. Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот на судијата Васка Петрова,судија на Апелационен суд Штип,која живее во Виница , за надомест на патни трошоци на гласање. По гласањето се констатира дека едногласно со 13 гласови “ЗА“, се констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на ВАСКА ПЕТРОВА, судија на Апелационен суд Штип за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.
На Васка Петрова, судија на Апелационен суд Штип и се СЕ УТВРДУВА- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 15.02.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Апелационен суд Штип, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Виница-Штип и обратно.

**Точка 11**
**Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Велес**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека врз основа на Заклучок беше формирана работна група која изврши посета на Основен суд Велес и изготви Извештај. Координатор на Основниот суд Велес е членот на Советот Зоран Герасимовски и како известител го изложи Извештајот за извршената посета на Основниот суд Велес и истакна дека биле разгледани предмети од судија која е оддалечена од вршење на судиската функција до правосилното окончување на постапката за утврдување одговорност и со Записник од 13.12.2022 година било извршено примопредавање на 35 предмети, кои се воделе како завршени а биле затекнати во нејзината канцеларија.Во однос на почитување на законските рокови за доонесување, објавување и изготвување на одлуките биле констатирани неправилности во предметите П4бр. 19/21 , судијата постапувала спротивно на чл. 368 ст.3 од Законот за парничната постапка, П3.бр. 8/17 – застој во доставување на решението од 2 години, ВПП2 бр. 1/22 – застој во изготвување на записник за увид на лице место од 8 месеци, 4 МАЛВПЛ1-Пбр. 1/22- застој заради начинот на доставување на пресуда на погрешни полномошници од 1 година и во постапување по жалбата на дополнително решение застој од 9 месеци, Малвп бр. 60/20 – судијата не се произнела по предлогот за враќање во поранешна состојба, Малвп.бр. 19/19 – постои изворник потпишан на две различни пресуди кои носат идентична ознака на број на предметот, од кои пресудата се однесува на други странки и истата е верифицирана во АКМИС- системот , кое дејствие не може да се отповика или да се изврши поправање од друг судија, Малвп.бр. 168/19, стар Малвп. Бр 25/16- постои застој во архивирање на предметот и ставање на потврда на извршност на пресудата околу 2 години, П1. Бр.42/17 – судијата е известена од СВР Велес на 22.02.2022 година до денот на нејзиното оддалечување, постои застој во достава на второстепена одлука од 10 месеци , РО бр. 11/20 – постои застој за доставување одлука од 1 година и 5 месеци,РОбр. 3/19 – постои застој за доставување одлука од 1 година и 5 месеци, ЗАМ-С бр. 6/22 – предметот неосновано без никаков акт за завршно дејствие е означен како завршен околу 8 месеци, О1 бр. 2/21 – постои застој во постапувањето од 1 година, - застој во изготвување на одлука од 9 месеци и во доставување на решението од 1 година,РОбр.58/21 РОбр. 62/21- изворниците на одлуките имаат содржина од друг сличен предмет, Малп.бр. 121/13 – застој во доставување на второстепената одлука во времетраење од 6 годни и 2 месеци,П1 бр. 52/17 со процесно решение повторно е одлучувано да дозволи повторување на постапката , без право на посебна жалба, понатаму не се преземени дејствија. Прекршочни предмети ПРК-С бр. 2863/21, кој е завршен, ПРК-С 2869/21 – не се потпишани од судијата потврдите за правосилност и извршност, ПРК-Сбр. 2863- налогот не е извршен поради несоодветност на лицето на кое се однесува пресудата, со бројот на пресудата,ПРК-Сбр.2893/21- несоодветност на лицето на кое се однесува пресудата, со бројот на пресудата, ПРК-Сбр.2840/21- налогот не е реализиран поради разлика во податоци на обвинетиот.Во предметите ПРК-С бр. 3902/21, ПРК-с бр. 3864/21 и ПРК_С бр. 3060/21 постои застој во доставата на пресудите или воопшто нема достава на пресудата до подносителот МВР, ПРК-С 3087/21 отпечатени дополнителни решенија од 29.11.2022 година кои не се доставени до странките , ПРК-С 3038/21 решението од Апелационен суд Скопје не е доставено до странките .

Во дополнението на Извештајот е наведено дека - Предмет П1 бр. 19/17 се наоѓа во Основен суд Кавадарци , ќе се постапува од страна на судијата .., МАЛВП. Бр. 95/22 не постои оддолговлекување поради постапување на судија, истото е поради објективни причини.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски истакна дека посетата беше реализирана пред се по однос на предметите на судијата која е оддалечена и го изложи Извештајот во поглед на предметите СТ бр. 44/16 и СТ. Бр. 44/16 – долгото траење на стечајната постапка, оддолговлекување на истата од страна на учесниците, постапките се при крај и се очекува нивно завршување во најскоро време. Членот на Советот Сашко Георгиев истакна дека во случајот се работи за посебна состојба со судијата и дека очигледно е дека би требало да реагираат и други служби во судот и биле разгледани и кривични предмети - К.бр. 347/20 – во овој предмет

се работи за обемен доказен материјал и во најскоро време се очекува завршување на предметот. Причините за одлагање се оправдани.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа, на која зема учество членот на Советот Мери Радевска , која истакна дека членовите на работната група не се потпишани и воедно постави прашање дали се внимавало на изземањата во судот и колку судии имаат деца вработени кај адвокати, на што членот на Советот Зоран Герасимовски истакна дека му го поставиле тоа прашање на претседателот на судот, кој истакнал дека посебно се внимава кај изземањата, иако тоа не е констатирано во Извештајот, дополнително ќе биде наведено во Извештајот.

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска наведе дека во Извештајот нема заклучни согледувања , како би се преминала на втора фаза откако Извештајот ќе биде усвоен.

Со оглед дека никој не се јави повеќе за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот - разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Велес на гласање - По гласањето констатира дека гласале 13 од кои со 12 гласа „За“ и 1 глас “Против“ Извештајот на Комисијата е усвоен, по што ја донесе следната

О Д Л У К А

Извештајот на работната група од работната посета во Основен суд Велес е усвоен .

**Точка 12**

**Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Тетово**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека врз основа на Заклучок беше формирана работна група која изврши посета на Основен суд Тетово на ден 21.12.2022 година и изготви Извештај. Координатор на Основниот суд Тетово е членот на Советот Сашко Георгиев го изложи Извештајот.Наведе дека посетата започна со состанок со Претседателот на Основен суд Тетово Хасан Асани при што членот на Советот Сашко Георгиев како одговорен член за посетата истакна дека целта на посетата е да се изврши анализа и проверка на состојбата на предметите.Во таа насока на увид беа побарани кривичен предмет К.бр.450/22, предметот за извршување на санкции КУИКП.бр.90/21, предмет КУИКП.бр.83/21, КУИКП.бр.259/21, КУИКП.бр.82/21, КУИКП.бр.254/21, КУИКП.бр.227/21 и КУИКП.бр.234/21 по кои постапувал судија за извршување на санкции Јордан Велковски во Основен суд Тетово, а кои беа обезбедени од страна на претседателот на судот.

Од страна на Комисијата биле повикани одговорните на одделите, и прво бил обавен разговор со одговорниот на кривичниот оддел, судијата ....При посетата се изврши увид и во интерна книга за ангажирање на бранители по службена должност во кривични предмети за 2022 година и увид во евиденција за изземање на судии.

Предмети за узвршување на санкции

Во врска со преставката поднесена од МВР- Биро за јавна безбедност- Сектор за меѓународна соработка Скопје, судијата .. даде објаснување:

Предметот КУИКП.бр.90/21 бил оформен за извршување на правосилна пресуда на Основен суд тетово, К.бр.819/20 со која лицето .. обвинет за кривично дело по чл.215 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ бил осиден на казна затвор во траење од 10 месеци.

Пресудата била донесена во отсудство на обвинетиот согласно чл.365 ст.3 од ЗКП.Како судијата за извршување на санкции најнапред на ден 11.05.2021 година донел наредба за распишување на меѓународна и централна потерница спрема осудениот ...На ден 17.03.2022 година КС при Основен суд Тетово донел решение К.ПОВ.бр.9/22 со кое кривичната постапка спрема осудениот .. била повторена, а извршувањето на казната затвор во траење од 10 месеци изречена со пресудата К.бр.819/20 било запрено.Со донесување на наведеното решение судијата наведува дека престанал основот за опстојување на наредбата за распишување потерници од кои причини истата е повлечена.

По однос на предметот КУИКП.бр. 83/21 судијата истакнал дека истиот бил оформен за извршување на правосилна пресуда на Основен суд тетово, К.бр.421/20 од 11.02.2021 година со која лицето ..е обвинет за кривично дело по чл.215 ст.2 в.в. со ст.1 од КЗ бил осуден на казна затвор во траење од 6 месеци.Пресудата била донесена во отсуство на обвинетиот согласно чл.365 ст.3 од ЗКП.Како судијата за извршување на санкции најнапред на ден 11.05.2021 година донел наредба за распишување на меѓународна и централна потерница спрема осудениот...Кривичниот совет при Основен суд Тетово донел решение К.ПОВ.бр. 1122 со кое согласно чл.452 ст.1 в.в. со чл.456 ст.1 и ст.3 од ЗКП било дозволено повторување на кривичната постапка спрема осудениот .., а извршувањето на изречената казна затвор во траење од 6 месеци било запрено.Со донесување на наведеното решение дека престанал основот за опстојување на наредбата за распишување потерници од кои причини истата е повлечена.

По однос на предметот КУИКП.бр. 259/21 судијата навел дека истиот бил оформен за извршување на правосилна пресуда на Основен суд Тетово, К.бр.114/21 од 18.10.2021 година со која лицето .. бил огласен за виновен за сторени повеќе кривични дела „Тешка кражба“ по чл.236 ст.1 в.в. со чл.22 од КЗ и осуден на единствена казна затвор во траење од 6 месеци.Пресудата била донесена во отсудство на обвинетиот согласно чл.365 ст.3 од ЗКП.Поради недостапноста на обвинетото лице .. судијата на ден 17.12.2021 година донел наредба за распишување на меѓународна и централна потерница и екстрадиција спрема ова лице.На ден 17.12.2021 година донесената наредба (како и претходните кои ги донел за другите 2 предмети) биле доставении до одделот за потраги при СВР Тетово.СВР Тетово на ден 22.12.2021 година доставила повратно известување дека е распишана Централна потерница.Судијата нагласил дека Наредбата за распишување на Меѓународна потерница и екстрадиција донесена на 17.12.2021 година не била повлечена, а по однос на тоа дали наредбата била предмет на коресподенција на Бирото за јавна безбедност судијата смета дека одговор треба да се побара кај подносителот на преставката.

По однос на предметите КУИКП.бр. 82/21, КУИКП.бр. 25421, КУИКП.бр. 227/21 и КУИКП.бр. 234/21 судијата наведува дека се однесуваат на извршување на пресуди на Основен суд Тетово – К.бр.6/21 со која обвинетиот .. е осуден на казна затвор во траење од 3 месеци, пресуда К.бр.435/20 со која обвинетиот .. е осуден на парична казна, пресуда К.бр.297/20 од 30.04.2020 година со која обвинетиот… е осуден на парична казна и пресуда К.бр.325/20 од 07.05.2020 година со која обвинетиот .. истотака е осуден на парична казна.Појасни дека за сите овие предмети од негова страна се донесени наредби за распишување на централна потерница од причини што според видот и висината на изречените казни истите не подлежат на распишување на меѓународна потерница.Судијата наведува и дека во врска со бараната екстрадиција на обвинетиот .. Министерството за правда до Основниот суд Тетово прв пат се обратило со писмено барање бр.22-1252/22 од 07.04.2022 година.Судијата појаснува дека наведеното барање во Основен суд Тетово било примено на ден 12.04.2022 година, односно

-16 дена по правосилноста на решението К.ПОВ.бр.11/22, кое правосилно станало на ден 28.03.2022 година), а со кое решение е запрено извршувањето на казна изречена со пресуда на Основен суд тетово, К.бр.421/20 од 11.02.2021 година

- 14 дена по правосилноста на решението К.ПОВ.бр.9/22 (правосилно на 30.03.2022 година), со кое била запрено извршувањето на казната изречена со пресуда на Основниот суд Тетово, К.бр.819/20 од 04.03.2021 година.

Судијата дополнува дека во прилог со барањето доставено од Министерството за правда било доставено и известување од Бирото за јавна безбедност од кое произлегувало дека осудениот .. на ден 03.04.2022 година бил уапсен во Италија.

Од наведеното произлегува дека и апсењето на осуденото лице .. било извршено неколку дена по правосилноста на решенијата за повторување на кривичните постапки и запирање на извршувањето на изречените казни по предметите КУИКП.бр.83/21 и КУИКП.бр.90/21.Судијата во продолжение нагласил дека повлекувањето на наредбата за распишување на меѓународната потерница ( за што е поднесена и преставката од МВР) есторено по запирањето на извршувањето на изречените казни и пред приенот на барањето на Министерството за правда.

Судијата воедно нагласи дека повлекувањето на наредбата не е од влијание за меѓународниот прогон на осудениот .. од причини што не била повлечена наредбата за распишување на меѓународна потерница и екстрадиција во предметот КУИКП.бр.259/21 против

ова лице.Судијата уште изјавил дека по однос на наведените предмети е постапено навремено, одговорно и во согласност со законските одредби предвидени во ЗКП и ЗИС.На крајот истакна дека врз основа на барањетио на Министерството за правда бр.22-1252/22 од 07.04.2022 година за осуденото лице .. е оформен екстрадициски предмет ЕК бр.2/22. наведувајќи дека дејствијата превземени во овој предмет не спаѓаат во доменот на работата на судијата за извршување на санкции. Поради наведеното смета дека одговорот на прашањето дали бараните документи за екстрадиција биле доставени во рок од 40 дена, која постапка ја спроведува Министерството за правда на РСМ.

-По извршена контрола во предмет за повторување на постапка и кривичниот предмет К.бр.233/22 на Основен суд Тетово против осудениот .. од Тетово се констатира следнава состојба:На увид е предметот К.бр.421/20 од кој се констатира дека со пресуда К.бр.421/20 од 11.02.2021 година во отсуство обвинетиот е осуден на казна затвор од 6 месеци, за кривично дело од чл.215 ст.2 од КЗ.По предметот постапувала судијата ...Пресудата станала правосилна на 29.03.2021 година.На ден 01.12.2021 година од страна на адвокат Борче Костовски за осудениот .. е поднесено барање за повторување на постапката, со прилог полномошно.На ден 17.12,2021 година под страна на адвокатот е поднесено барање за повлекување на барањето за повторување на постапката.Судот со решение КПОВ бр.48/21 на ден 20.12.2021 година констатирал повлекување на барањето за поворување на постапката.На ден 10.01.2022 година од страна на адвокат Б.К. повторно до судот е поднесено барање за повторување на постапката за осудениот .. поради судење во отсуство.По побарано мислење од ОЈО Тетово од 14.03.2022 година ЈО дал позитивни мислење дека се исполнети законските услови на осудениот да му се суди во присуство. Воедно, од страна на .. – јавен обвинител во ОЈО Тетово е даден предлог согласно чл.165 ст.1 т.1 од ЗКП на лицето ...да му се определи мерка притвор до завршување на кривичната постапка Кривичниот совет на Основен суд Тетово со решение К ПОВ.бр.11/22 на ден 17.03.2022 година одлучил да се дозволи повторување на кривичната постапка на осудениот Шани Исмаили за пресуда К.бр.421/20 за

кривично дело сторено по чл.215 ст.2 од КЗ со која е осуден на казна затвор во траење од 6 месеци. Во самото решение е наведено да се запре извршувањето на казната изречена со пресудата К.бр.421/20.

Ова решение станало правосилно на ден 28.03.2022 година

На ден 18.04.2022 година од страна на судијата Садула Изаири е започната нова постапка под нов кривичен број против Шани Исмаили за повторување на постапката К.бр.233/22.Во оваа постапка било констатирано дека обвинетиот .. не се јавил бидејќи бил неуредно поканет.Поради наведеното расправата е одложена за 12.05.2022 година.На расправата од 12.05.2022 година бил присутен само бранителот на обвинетиот Шани Исмаили кој повторно не се јавил во судот. Постапката на оваа расправа била завршена по што е донесен апресуда К.бр.233/22 со која обвинетиот во отсуство бил осуден на казна затвор во траење од 4 месеци.Пресудата станала правосилна на ден 08.06.2022 година.

Од извршен увид во судската писарница и изјава дадена од лицето Јулијана Златановска – самостоен судски референт во кривичното одделение на Основен суд Тетово по однос на предметите К.бр.114/21 кој по повторување е заведен под нов К.бр.311/22, К.бр.6/21 кој е заведен под нов К.бр.265/22 и К.бр.819/20 кој е заведен под нов К.бр.266/22 , а кои предмети се побарани на увид констатирано е дека по изјавена жалба од бранителот на овбинетиот ..предметите биле пратени на одлучување во Апелациониот суд Гостивар и сеуште се наоѓаат во жалбена постапка.

Во прилог на наводите од самостојниот судски референт Ј.З. е доставен пропратен извештај.Од увид во предмет КУИКП.бр.259/21 кој произлегува од предмет К.бр.114/21 за Шани Исмаили за сторено кривично дело „Тешка кражба" по разговор со судијата и претседателот на судот констатирано е декаи овој предмет сенаоѓа на одлучување по жалба во Апелациониот суд Гостивар и сеуште нема донесено второстепена одлука по истиот,Со овој кривичен предмет сеуште е на сила наредбата за распишување на централна и меѓународна потерница издадена во предметот КИУКП.бр.259/21, кој предмет е оформен за извршување на казната затвор изречена со претходната пресуда К.бр.114/21.

Предмет– К.бр.450/22-Предметот е инициран по поднесен обвинителен предлог КО.бр.531/22 од 14.07.2022 година,од ОЈО Тетово, примен во Основен суд Тетово истиот ден.По предметот

постапува судијата ...Обвинети лица: .. за сторено по едно кривично дело „Тешки дела против општата сигурност" по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.2 од КЗ .. за едно кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија" по чл.206 ст.1 од КЗ и

Правно лице – ЈЗУ Клиничка болница Тетово за едно кривично дело непостапување според здравствени прописи за време на епидемија" по чл.206 ст.2 в.в. со ст.1 и за кривично дело по чл.288 ст.5 в.в. со ст 4 в.в. со ст.2 од КЗ, со предлог листа на докази од ОЈО Тетово на вкупно 5 страни, кои докази треба да бидат изведени во текот на кривичната постапка.

Прва расправа по предметот закажана за ден 06.09.2022 година - одложена.Расправата е одложена поради отсуство на обвинетиот .. за кого во списите на предметот нема доказ дека е уредно поканет, како и поради отсуство на обвинет .. за кого до судот има доставен поднесок за одлагање на расправата поради зафатеност, во пролог - Известување од обвинет ..од 05.09.2022 година. Со известувањето обвинетиот бара одлагање на расправата од причини што имал контролни прегледи и работни обврски во Интерното одделение на „Клиничка болница Тетово"Обвинетиот ..бара одлагање еден ден пред одржување на расправата Расправата е презакажана за 14.10.2022 година, односно после 38 дена.Расправа 14.10.2022 година одложена за 08.11.2022 година. На оваа расправа видно од расправен записник обвинетите ..од страна на судечкиот судија се опоменати да ангажираат бранители и задолжени во рок од 8 дена да достават полномошно за ангажиран адвокат како бранител од нивна страна до судот. Видно од списите на предметот обвинетите .. 7 дена по одржаната расправа доставиле известување – полномошно за ангажирани бранители, односно истите постапиле по задолжение на судот. Расправа – 08.11.2022 година – одложена поради отсуство на бранителот на обвинетиот ... Доставен поднесок од адвокатот на обвинетиот, .., за одлагање поради зафатеност во друг предмет.Во списите на предметот нема приложен доказ од адвокатот дека истиот бил зафатен во друг предмет. Расправата е одложена за 07.12.2022 година. Обвинетиот .. повторно е опоменат за наредната расправа да обезбеди присуство на бранител со напомена дека не се работи за задолжителна одбрана и предупредување, доколку бранителот не дојде на наредната расправа, расправата ќе се одржи без негово присуство. Исто така опоменати биле и останатите обвинети лица и нивните бранители за уредно појавување пред судот, а воедно видно од записник од страна на судијата им е укажано дека увид во списите на предметот или извршување препис на докази странките може да извршат било кој работен ден во било кое време.Расправа – 07.12.2022 година. Главната расправа е одржана со земање лични податоци – генералии од обвинети и давање на воведни зборови на странките, а исто така на оваа расправа започната е и доказна постапка со изведување докази од листа на докази на ОЈО Тетово.Расправата е одложена поради несогласување на одбраната по однос на доказите предложени од ОЈО Тетово, а во насока на избегнување на истакнување на приговор на секое читање на поединечни докази наведени во листата на докази на ОЈО за што постои согласност и од јавниот обвинител. Поради наведеното судот расправата ја одложил за 27.12.2022 година што било усмено соопштено на обвинетите и останатите присутни со нагласување дека се сметаат за уредно повикани. Истовремено бранителите на обвинетите на оваа расправа биле задолжени во рок од 8 дена да доставаат писмени докази.
При посета на Основен суд Тетово исто така била одржана средба како со судијата, така и со претседателот на судот со кои било разговарано по однос на состојбата со предметите, односно конкретниот предмет наречен „Модуларна болница Тетово". Имајќи во предвид дека се работи за предмет од висок јавен интерес, на судијата му било посочено дека со големо внимание треба да се има во предвид овој предмет, да се смета како предмет со приоритет и да се постапува ефикасно и транспарентно со цел да не дојде до забавена правда.

Од извршениот увид, иако не може да се констатира некој сериозен пропуст од страна на судија што укажува на неговата субјективна одговорност, сепак постои оддолговлекување од објективни причини, но со цел ажурно постапување и целисходност на оваа кривична постапка на судијата му било посочено дека согласно приливот на предметите кои ги има во работа како судечки судија, овој предмет како предмет со приоритет и самата природа на предметот да биде закажан континуирано, односно последователно насрочен со цел брзо завршување и тоа со посебно внимание за уредно водење на списите и заради отсуство на странките да превземе итни неодложни мерки за спречување и оддлговлекување на постапката.

Дополнително по истиот предмет биле превземени и други мерки од страна на Советот за текот на постапката по денот на извршената посета, при што по разговор со судијата кој постапува по предметот изјавено било дека предметот бил закажуван континуирано и тоа по денот на посетата, на ден 16.01.2023 година, 31.01.2023 година, денот кога и треба да се заврши доказната постапка по однос на изведените докази од страна на ОЈО Тетово и да се започне со изведување на докази од предлог листата на одбраната. Потоа 16.02.2023 година, како и 02.03.2023 година.Воедно, судијата кој постапува по предметот К.бр.450/22 работи по кривични предмети и предмети за извршување на санкции – КУИКП од кривично полнолетни.

Од увидот во интерната книга за ангажирање на бранители по службена должност во кривични предмети во периодот од 2018 до 2022 година видно било дека во кривичните предмети по кои се постапува во Основен суд Тетово од вкупно 90 адвокати согласно адвокатскиот роковник како адвокати по службена должност се ангажираат околу 20 адвокати.Во насока на спречување на досегашната пракса судиите сами да поставуваат адвокати како бранители по службена должност во текот на 2022 година од страна на претседателот на судот било донесено укажување СУ.бр.81/22 од 16.03.2022 година согласно кое од судиите се бара да постапуваат согласно чл.74 ст.6 од ЗКП. Укажувањето од претседателот на судот било доставено до сите судии во Основен суд Тетово кои постапуват по кривични предмети, но и покрај доставеното укажување видно од интерната книга за ангажирање на адвокати по службена должност како бранители во кривични предмети видно било дека во 2022 година повторно се јавува состојба како бранители по службена должност во кривичните предмети да се ангажираат само мал дел од адвокатите иако согласно податоците од адвокатскиот роковник во градот Тетово има ангажирано околу 90 лица кои извршуваат адвокатска дејност.

Извршен бил увид и во следните предмети за изземање од уписникот „СУ-ИЗЗ“ на Основен суд Тетово.

СУ-ИЗЗ бр. 1/22; СУ-ИЗЗ бр. 2/22; СУ-ИЗЗ бр. 3/22; СУ-ИЗЗ бр. 4/22; СУ-ИЗЗ бр. 5/22; СУ-ИЗЗ бр. 6/22; СУ-ИЗЗ бр. 7/22; СУ-ИЗЗ бр.8/22; СУ-ИЗЗ бр.9/22; СУ-ИЗЗ бр.10/22; СУ-ИЗЗ бр.11/22; СУ-ИЗЗ бр. 12/22; СУ-ИЗЗ бр.13/22; СУ-ИЗЗ бр.14/22; СУ-15/22; СУ-ИЗЗ бр.16/22; СУ-ИЗЗ бр.17/22; СУ-ИЗЗ бр. 18/22; СУ-ИЗЗ бр. 19/22; СУ-ИЗЗ бр.20/22; СУ-ИЗЗ бр.21/22; СУ-ИЗЗ бр.23/22 и СУ-ИЗЗ бр.47/22.

Од извршениот увид во Уписникот СУ-ИЗЗ и наведените предмети констатирана е следната состојба:

1. Во Уписникот СУ-ИЗЗ не биле запишани редоследно предметите според нивниот број оформен согласно член 167 став 1 од Судскиот деловник.

2. Во поголемиот дел од предметите и тоа во: СУ-ИЗЗ бр.1/22; СУ-ИЗЗ бр.2/22; СУ-ИЗЗ бр.3/22; СУ-ИЗЗ бр.4/22; СУ-ИЗЗ бр.5/22; СУ-ИЗЗ бр.8/22; СУ-ИЗЗ бр.9/22; СУ-ИЗЗ бр.10/22; СУ-ИЗЗ бр.12/22; СУ-ИЗЗ бр.13/22; СУ-ИЗЗ бр.15/22; СУ-ИЗЗ бр.17/22 и СУ-ИЗЗ бр.19/22; СУ-ИЗЗ бр.23/22, по поднесеното барање за изземање на судија, одлучувала и решението го донела Заменик претседателот на Судот,…, а во останатите постапувал и одлучувал Претседателот на Судот. Во предметите во кои не постапувал Претседателот на Судот, ниту во списите на предметот ниту во АКМИС-от не е ставена никаква забелешка од кои причини не постапувал Претседателот.

3. Во три предмети и тоа:

- СУ-ИЗЗ бр.1/22, оформен по поднесено барање од адвокат М.Д. за изземање на судијата .. од постапување во кривичниот предмет К.бр.95/20, оформен по приватна тужба на тужителот ... спрема обвинетите ... за кривично дело од член 130 став 1 од КЗ, донесена била посебна Одлука СУ-ИЗЗ бр. 1/22 од 12.01.2022 година со која се наложувало на ИТ Одделот при распределбата да бидат исклучени судиите ..., бидејќи претходно постапувале по овој кривичен предмет, а да бидат вклучени судиите од кривичниот оддел – оддел за прекршоци и тоа судиите ..;

- СУ-ИЗЗ бр. 5/22, оформен по поднесено барање за изземање од судија .., од постапување во кривичниот предмет К.бр.95/20, оформен по приватна тужба на тужителот .. спрема обвинетите ... за кривично дело од член 130 став 1 од КЗ, донесена е посебна Одлука СУ-ИЗЗ бр. 5/22 од 26.01.2022 година со која им се наложило на ИТ Одделот да при распределбата бидат исклучени судиите ...бидејќи претходно постапувале по овој кривичен

предмет, а да бидат вклучени судиите од кривичниот оддел – Оддел за прекршоци и тоа судиите ...;

- СУ-ИЗЗ бр.14/22, оформен по поднесено барање за изземање од судијата Назиф Илијази, од негово постапување по предметот К.бр.151/22 донесена била посебна Одлука СУ-ИЗЗ бр. 14/22 од 24.02.2022 година со која се наложува на ИТ Одделот да при распределбата бидат исклучени судиите ..., а да бидат вклучени судиите: ...

3. Во предметот СУ-ИЗЗ бр.16/22, оформен по барање за изземање на судија .. од постапување по предмет П4 бр.67/22 (нов број, а претходно заведен под П4 бр.274/15, стар број),како причина за изземање судијата се наведува дека по укинување на првостепената одлука од страна на Апелациониот суд Гостивар и враќање на повторно одлучување на предметот пред првостепениот суд, истата не можела да постапува и да превзема дејствија понатаму по тој предмет од здравствени причини. Барањето за изземање е усвоено со образложение дека се исполнети условите од чл. 64 ст.1 т.6 од ЗПП, односно дека постојат други околности кои ја доведуваат под сомневање непристрасноста на судијата.

Во Уписникот СУ-ИЗЗ за 2022 година, во овој период нема евидентирано друго барање за изземање од судијата Славица Тоиќ по друг предмет.

4. Во предметите за изземање СУ-ИЗЗ бр.6/22 и СУ-ИЗЗ бр.47/22, оформени по барање за изземање поднесено од судија .. од постапување во кривичниот предмет К.бр. 91/22 и К.бр. 548/22 поради исполнетост на условите од член 33 став 1 т.4 од ЗКП, затоа што како судија на претходна постапка имал донесено наредби за претрес, донесени биле решенија со кои барањето за изземање се одбива како неосновано со образложение дека издадените наредби за претрес на дом, во едниот предмет и наредба за претрес на возило, во другиот предмет, не биле причина за изземање од понатамошно постапување.

5. Во предметите по барање за изземање по основ на исполнетост на услови од член 64 ст.1 т.3 од ЗПП и член 33 ст.1 т.2 од ЗКП, постои неправилна примена на наведената законска одредба при усвојување на барањето за изземање.Имено, согласно цитираните законски одредби судијата не смее да ја врши судиската должност ако странката, неговиот полномошник, односно бранител му е брачен односно вонбрачен другар, или роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четврти степен, а по сватовство до втор степен.

Во некои предмети погрешно е применета горе цитираната одредба по однос на исполнетост на условите кога е во прашање постоење на родбинска врска по сватовство како причина за изземање. Тоа е случај со предметите

- СУ-ИЗЗ бр.3/22, барањето за изземање на судијата од постапување во предметот П4бр.239/21 било усвоено затоа што тужителот бил прв братучед на неговата сопруга;
- СУ-ИЗЗ бр. 14/22, барањето за изземање, поднесено од самиот судија, било усвоено поради исполнетост на причините од член 33 ст.2 од ЗКП, односно поради постоење на околности кои предизвикуваат сомневање во пристрасноста на судијата, бидејќи бил роднина по сватовство со обвинетиот кој бил вујко на неговата снаа од шура;
- СУ-ИЗЗ бр. 17/22, барањето за изземање поднесено од судијата било усвоено бидејќи обвинетите биле во крвно сродство со нејзиниот сопруг, без појаснување за какво крвно сродство се работи.

6. Немало воедначено постапување во предметите по барање за изземање по основ на член 64 став 1 т.6 од ЗПП и член 33 став 2 од ЗКП, поточно во некои предмети не е усвоено барањето за изземање во случај кога судијата е во „добри“ или „лоши“ односи со странката, а во други предмети барањето за изземање е усвоено, па дури и кога се наведува дека судијата не бил „во добри односи“ со странката од причина што постапувал како судија во друг предмет пред Основен суд Тетово во кој се јавува истата странка.

7.Во предметите од Уписникот ССУ-ИЗЗ, во кои е извршен увид, нема доказ за извршена достава на решението со кое е одлучено по барањето за изземање на судија во смисла на одредбата од член 221 став 3 од Судскиот деловник.

Предвид погоре констатираните состојби во однос на предметите од Уписникот СУ-ИЗЗ за 2022 година, по барање за изземање на судија се предлага следното:

По однос на предметите кои биле разгледани од уписникот „СУ-ИЗЗ“ и тоа: Су. ИЗЗ.бр.24/22 – одлука од заменик претседател .. од 06.04.2022 – Барање за изземање одбиено; Су.ИЗЗ.бр.23/22 - одлука од претседател .. од 07.04.2022 – Барање за изземање уважено; Су. ИЗЗ.бр.26/22 - одлука од заменик претседател .. од 11.04.2022 –Барање за изземање одбиено;

Су. ИЗЗ.бр.27/22 - одлука од претседател ..од 20.04.2022 – Барање за изземање уважено; Су. ИЗЗ.бр.28/22 - барање за изземање поднесено од судија ... Учествувал во издавање наредба во претходна постапка Одлука од претседател .. од 28.04.2022 – Барање за изземање одбиено иако согласно одредбите од ЗКП конкретно е наведено дека доколку судија постапувал во претходна постапка, како судија во таа постапка тоа преставува пречка за негово постапување во кривичен предмет за утврдување вина; Су. ИЗЗ.бр.29/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 03.05.2022 – Барање за изземање уважено; Су. ИЗЗ.бр.30/22 -барање за изземање поднесено од судија Бетим Јахја согласно чл.34 ст.1 т.4 од ЗПП.Учествувал како судија во претходна постапка. Одлука од претседател .. од 04.05.2022 – Барање за изземање одбиено; Су. ИЗЗ.бр.31/22 - одлука од заменик претседател … од 13.05.2022 – Барање за изземање уважено; Су. ИЗЗ.бр.32/22 - одлука од заменик претседател ,, од 13.05.2022 – Барање за изземање одбиено; Су. ИЗЗ.бр.33/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 16.05.2022 – Барање за изземање уважено; Су. ИЗЗ.бр.34/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 05.05.2022 – Барање за изземање одбиено; Су. ИЗЗ.бр.35/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 30.05.2022 – Барање за изземање одбиено; Су. ИЗЗ.бр.36/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 06.06.2022 – Барање за изземање уважено; Су. ИЗЗ.бр.37/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 16.06.2022 – Барање за изземање усвоено; Су. ИЗЗ.бр.38/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 15.06.2022 – Барање за изземање одбиено; Су. ИЗЗ.бр.39/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 13.06.2022 – Барање за изземање одбиено; Су. ИЗЗ.бр.40/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 20.06.2022 – Барање за изземање одбиено; Су. ИЗЗ.бр.41/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 12.07.2022 – Барање за изземање одбиено; Су. ИЗЗ.бр.42/22 - барање за изземање од судија ..согласно чл.36 ст.1 т.4 од ЗКП-претходна постапка. Одлука од претседател Хасан Асани - Барање за изземање уважено; Су. ИЗЗ.бр.43/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 05.09.2022 – Барање за изземање усвоено и Су. ИЗЗ.бр.44/22 - одлука од претседател Хасан Асани од 05.09.2022 – Барање за изземање одбиено.

По однос на предметите кои биле разгледани од уписникот „СУ-ИЗЗ“ и тоа: СУ-ИЗЗ - 45/22, 22/22, 46/22, 48/22, 49/22, 50/22, 51/22, 53/22, 54/22, 55/22, 56/22, 57/22, 58/22, 59/22, 60/22, 61/22, 62/22, 63/22, 64/22, како и 65/22 од вкупно разгледани овие предмети по однос на донесените решенија од страна на претседателот на судот видно е дека од доставените барања за изземање 11 предмети биле уважени, 8 предмети одбиени, како и 2 предмети се сметале за повлечени. Од истите предмети не бил констатиран некој сериозен пропуст по однос на постапувањето на претседателот и ВД претседателот на судот, ниту имало исклучителни случаи по однос на постапувањето каде согласно Судскиот деловник требало да се постапува со посебна образложена причина за распределба на предметот, туку само барање од страна на странки и судии. На крај на Извештајот работната група има донесено заклучок имено **-**Да се извести Претседателот на Основен суд Тетово за погоре констатираните состојби со цел да бидат превземени следните дејствија:

1. Да се обрне внимание за уредно водење на Уписникот СУ-ИЗЗ во иднина, со навремено внесување на предметите, редоследно, согласно датумот на прием на барањето за изземање на судија и неговото евидентирање во АКМИС-от;
2. Да се почитуваат одредбите од Судскиот деловник и тоа член 167 став 1, член 176 став 8 и член 221 став 3;
3. При одлучувањето по барањето за изземање, Претседателот задолжително да се раководи од законските претпоставки предвидени во процесните закони.
4. По однос на извршената посета и констатираното за делот на повторувањето на правосилно завршените постапки од кривична област нужно е потребно судиите кои постапуваат во кривични совети особено да ценат дали осуденото лице кое бара повторување на правосилно завршена постапка од причина што му било судено во отсуство како основ за повроеување на постапката согласно одредбите од ЗКП потребно е осуденото лице да биде достапно при повторувањето на постапката за што согласно одредбите од ЗКП точно се наведени правните механизми како осуденото лице во негово отсуство би било достапно при повторената постапка. Ова е особено важно како не би дошло до повторување на постапката а лицето кое му било судено во отсуство повторно да не биде достапно на органите на прогон во повторената постапка, при тоа

иако даденото мислење од ОЈО во случајот како подносител на обвинението, мислењето е само предлог дали позитивно или негативно одлуката за повторувањето на постапката ја донесува кривичниот совет и советот е должен и покрај даденото позитивно мислење од ОЈО да ги цени сите аргументи-докази дали се содржани условите за повторување на постапката.

5. Воедно, претседателот на судот согласно одредбите од ЗКП во делот на изземањата на судиите да дава поконкретни образложенија од кои причини се уважува одредено барање или истото се одбива при тоа со конкретно наведување на причините кои би значеле пристрасност, односно причина за изземање или одбивање на барањето за изземање а особено да се има во предвид законската одредба дека доколку судијата учествувал со некое процесно дејствие во претходна постапка тоа преставува пречка односно причина за негово изземање од постапување во дадениот кривичен предмет за утврдување вина согласно одредбите од ЗКП.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа, на која зема учество членот на Советот Лорета Горгиева, која истакна дека во Извештајот се наведува дека состојбата е по кажување на конкретен судија и запраша дали тоа работната група го утврди, на што членот на Советот Сашко Георгиев истакна дека така е само технички напишано во тој дел на Извештајот, а всушност е констатирано.

Членот на Советот Мери Радевска постави прашање за тоа дали во сите наведени постапки во Извештајот има само еден предлог за определување притвор , на што членот на Советот Сашко Георгиев истакна дека предлогот е само за еден предмет за повторување на постапка , но истата не е спроведена, обвинетиот не е достапен , а мерка притвор е определена .Од причина што со новиот распоред на Советот Координатор за овој суд е друг член на Совет, потребно е тој да ја доиспита наведената состојба, а членот на Советот Мери Радевска истакна дека најлоша е спрегата обвинител - суд.

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека според неа точка 3 од Заклучокот“ При одлучувањето по барањето за изземање, Претседателот задолжително да се раководи од законските претпоставки предвидени во процесните закони“, имено секако е потребно да се почитуваат процесните закони, како и точка 2- “Да се почитуваат одредбите од Судскиот деловник и тоа член 167 став 1, член 176 став 8 и член 221 став 3, на што членот на Советот појасни зошто така е наведено, но е потребно истите наводи од заклучокот да се преформулираат.Членот на Советот м-рТања Чачарова Илиевска појасни зошто така е наведено во точките од заклучокот, имено како пример -по неколку барања за изземање, со одлука даден е налог до ИТ да исклучи одреден број судии и предметот да биде доделен на други двајца или тројца судии и наведе дека во таквите случаеви имало десетина барања за изземање и ќе мора да ги побара понатаму при посета на судот сите барања за изземања за да ја утврди наведената состојба.

Членот на Советот Мирсад Суроји истакна дека ова е предлог извештај кој треба членовите да го гласаат како што е составен ,а дали истиот ќе се усвои, ќе одлучат членовите на Советот. Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека се повлекува за кажаното по точка 2 и 3 од заклучокот, откако беше појаснета причината зошто е така наведено.

Во салата не се присутни Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми и членот на Советот Лорета Горгиева.

Со оглед дека никој не се јави повеќе за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот - разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Тетово на гласање - По гласањето констатира дека од 11 присутни гласале 11 – едногласно е усвоен Извештајот на Комисијата , по што ја донесе следната

О Д Л У К А

Извештајот на работната група од работната посета во Основен суд Тетово е усвоен

**Точка 13**

**Разгледување на Извештај за констатирана состојба**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека оваа точка од Дневниот ред е во врска со добиена претставка добиена во Советот, заведена под УПП.бр. 315/22 од 26.08.2022 година и од страна на Координаторот за Основен суд Кичево е доставен Извештај за констатирана состојба и за секоја основана претставка ќе биде потребно да се изготвува извештај од страна на Координаторот.

Во салата не се присутни заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми и членот на Советот Лорета Горгиева.

Координаторот за Основен суд Кичево - членот на Советот Ханиф Зендели истакна дека претставката УПП.бр. 315/22 од 26.08.2022 година, која е основана, се однесува на предмет ВПП1-20/21, со наводи дека судијата намерно ја оддолговлекува постапката. Истакна дека се обратил до Основниот суд Кичево со барање да се достават податоци до Советот дали од страна на судијата се внесени податоци во АКМИС-системот и дали списите/податоците благовремено се внесувани во АКМИС системот.
Од системот се гледа дека предметот бил примен во судот во јануари, а кај судијата не бил примен , а од друга страна има одлука од судијата објавена на 27.10.2022 година и завршна на 01.11.2022 година, до денес нема поднесено жалба од странките , што значи дека предметот на некој начин е веќе завршен.Исто има податок- дека предметот со автоматска распределба бил распореден кај судијата на 09.08.2021 година истата година и од тогаш судијата постапил по предметот.Наведе дека како координатор на Основниот суд Кичево, при посета во разговор со претседателот на судот треба да се утврди како тие предмети се движат и според податокот во системот во Советот мора да се расчисти состојбата со наведените податоци во истиот, а во конкретниот случај судијата уште еден месец ќе оди во пензија. Сепак во конкретниот случај се работи за предмет кој е завршен.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот - разгледување на Извештај за констатирана состојба на гласање. По гласањето констатира дека од 13 присутни гласале 13 – едногласно е усвоен Извештајот за констатирана состојба, по што Советот ја донесе следната

О Д Л У К А

Извештајот за констатирана состојба во врска со добиена претставка добиена во Советот , заведена под УПП.бр. 315/22 од 26.08.2022 година е усвоен

**Точка 14**
**Донесување на Одлука за формирање на Комисија за ориентацинен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека по оваа точка од Дневниот ред согласно чл.36 ст.1 алинеја 19 од Законот за Судскиот совет на РСМ, а в.в. со чл.85 од истиот закон, Советот донесува одлука со која го утврдува ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во судовите во РСМ за 2023 година, поради што е потребно да се донесе Одлука за формирање Комисија, поради што отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот -. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2023 година на гласање.

По гласањето констатира дека од 13 присутни гласале 13 – едногласно е усвоен предлогот, по што ја донесе следната

О Д Л У К А

Се формира КОМИСИЈА за утврдување на ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на РСМ за 2023 година, во состав од:

- **Ханиф Зендели -претседател на Комисијата;**
- **Сашко Георгиев - член на Комисијата и**
- **Мирсад Суроји - член на Комисијата**.

Членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова, истакна дека минатата година не биле опфатени сите уписници и потребно е да се води сметка при утврдување на ориентационен број на предмети, во соработка со Едусофт, со цел да бидат опфатени сите уписници за решените предмети.

## Точка 15
## Донесување на Одлука за формирање на Комисија редовно оценување на судија/претседател на суд

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека согласно чл.36 ст.1 алинеја 5 од Законот за Судскиот совет на РСМ, Советот ја следи и оценува работата на судиите, а согласно чл.77 од истиот закон, редовното оценување на судијата и претседателот на суд се врши еднаш на четири години, поради што е потребно да се формираат комисии за редовно оценување за 2019, 2020, 2021 и 2022 година, во состав од по тројца членови на Судскиот совет и Советот ја донесе следната

О Д Л У К А

**СЕ ФОРМИРААТ КОМИСИИ** за редовно оценување на работата на судиите и претседателите на судовите во РСМ за 2019, 2020,2021 и 2022 година, во состав од по тројца членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија и се констатира дека ќе се пристапи кон ждребање.По спроведеното ждребање Советот го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.За претседателите на сите судови во Република Северна Македонија, за судиите на Апелациониот суд Скопје, Апелациониот суд Битола, Апелациониот суд Штип и Апелациониот суд Гостивар, како и судиите на Управен суд Скопје , во состав :

Претседател на Комисијата
**-Мери Радевска** ;
Членови на Комисијата**:**
**- м-р Тања Чачарова Илиевска и**
**- Мирјана Радевска Стефкова.**

По спроведеното ждребање Советот го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

2. За основните судови основани за подрачје на Апелациониот суд Скопје (Основен Кривичен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје , ОС Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци, Основен суд Кратово, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово,Основен суд Неготино **,** во состав:

Претседател на Комисијата
**- м-р Миљазим Мустафа**,
Членови на Комисијата :
**-Мирсад Суроји;**
**-Лорета Горгиева.**

По спроведеното ждребање Советот го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

3. За судиите на основните судови основани на подрачје на Апелационен суд Штип (Основен суд Берово, Основен суд Виница, Основен суд Делчево, Основен суд Кочани, Основен суд Радовиш, Основен суд Свети Николе , Основен суд Струмица и Основен суд Штип), основните судови основани на подрачје на Апелационен суд Битола (Основен суд Крушево, Основен суд Охрид, Основен суд Прилеп, Основен суд Ресен и Основен суд Струга) и основните судови основани на подрачје на Апелационен суд Гостивар(Основен суд Гостивар, Основен суд Тетово Основен суд Кичево и Основен суд Дебар ), во состав:

Претседател на Комисијата

**- м-р. Селим Адеми ;**

Членови на Комисијата

**-Зоран Герасимовски;**

**- Ханиф Зендели.**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека Судскиот совет на РСМ Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно член 36 став 1 точка 5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 102/19), в.в. со член 10 од Правилникот за формирање и работење на Комисиите на Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување бр. 01-548/1 од 30.03.2022 година (Службен весник на РСМ бр. 102 /19) потребно е да се формира Комисија за повторно оценување на работата на судијата и преседателот на судот, во состав од три члена на Судскиот совет ,по што Советот ја донесе следната

ОДЛУКА

**СЕ ФОРМИРА КОМИСИЈА** за повторно оценување на работата на судијата и преседателот на судот, во состав од три члена на Судскиот совет и се констатира дека ќе се пристапи кон ждребање.

По спроведеното ждребање Советот го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

Претседател на Комисијата

**- Павлина Црвенковска ;**

Членови на Комисијата

**-м-р Ивица Николовски и**

**- Сашко Георгиев.**

Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот -. Донесување на Одлука за формирање на Комисии за редовно оценување на судија/претседател на суд и Комисија за повторно оценување на гласање.

По гласањето се констатира дека од 13 присутни - гласале 13 – едногласно е донесена Одлука со која се формираат Комисии за за редовно и вонредно оценување на судиите и претседателите на судовите за 2019, 2020, 2021 и 2022 година во состав од по тројца членови на судскиот совет на РСМ и Комисија за повторно оценување на работата на судијата и преседател на судот,во состав од три члена на Советот.

**Точка 16**

**Расправа по претставки и поплаки од граѓаните и правните лица за работата на судиите и претсеателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија**

Весна Дамева , претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија и даде збор на членот на Советот Мери Радевска во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на изветителот по изложените претставки.По гласањето се констатира дека едногласно, со 13 гласа “ЗА“ е донесена следната :

ОДЛУКА

Претставка УПП.бр.50/23 од 02.2.2023 година - се изразува незадоволство од постапување на претседателот на Основен суд Охрид,а по однос на недонесување на одговор за надокнада на патни трошоци. Советот најде дека подносителот поднел барање за надомест на патни трошоци поради тоа што бил повикан како сведок, а согласно Законот за прекршоците.Основниот суд Охрид поднел известување од 28.11.2022 година до Министерството за правда, во кое е наведено дека предметот ПРК-О-115/21 е испратен во Апелационен суд Битола за одлучување по поднесена жалба, а судечкиот судија кој постапувал по предметот е пензиониран, па поради тоа по враќањето на списите од предметот дополнително судот ќе се произнесе по наводите во претставката. Врз основа на горенаведеното Советот констатира дека не е надлежен да постапува по претставката. Подносителот треба да сочека списите по предметот да се вратат во Основен суд Охрид за да се одлучи по барањето за трошоци на постапката.

Претставка УПП.бр.61/23 од 09.2.2023 година - поради незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје која постапувала по предметот и донела пресуда П1-289/21 од 03.11.2022 година.По детална анализа на наводите во претставката и текот на постапката по предметот, Советот констатира дека наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува, особено ако се земе предвид фактот што подносителот по однос на истото изјавил и жалба на првостепената пресуда, па согласно истото потребно е да се сочека одлуката од второстепениот суд.

Претставка УПП.бр.427/22 од 09.12.2022 година - се изразува незадоволство од постапување на претседател на совет - судечки судија кој постапува по предметот IV К.бр.67/19. Се наведува дека на закажано рочиште од 07.12.2022 при испитување на сведокот предложен од одрбаната, полномошникот на оштетеното правно лице-подносител на претставка поставил вкрстено прашање кое најпрво било игнорирано од страна на судијата, истата не дала инструкции да се внесе прашањето во записник, а по повторно поставување на прашањето судијата одговорила наместо сведокот. По испитување на наводите изнесени во претставката Советот контатира дека по однос на овие наводи неоснован е поднесокот на подносителот бидејќи станува збот за факултативно изземање на судијата, а во чл.36 ст.4 од Законот за кривична постапка е предвидено дека ако е поднесено барање за изземање според членот 33 став 2 од истиот постапката не се прекинува, а решение по барањето за изземање донесува претседателот на судот веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето. По однос на наводите на подносителот дека кога полномошникот на оштетениот поставил прашање на кое наместо сведокот одговорил судијата Советот најде дека овие наводи на подносителот не се поткрепени со докази, истото не е констатирано во записник од 07.12.2022 година, но судијата не може да одговара наместо сведокот.

Претставка УПП.бр.432/23 од 13.12.2022 година - во врска со незадоволство од постапување на судии на Основен кривичен суд Скопје. Наведува дека истите судии од кривичен суд постапувале и во притворската постапка, како и во постапката за оцена на обвинителниот акт и во кривичната постапка која сеуште е во тек К.бр.11/18. Советот не најде повреда на која упатува подносителот во претставката, а во однос на постапување на судии на главна расправа, односно не утврди дека некој од нив има преземено дејствие во претходна постапка или постапувал во Советот за испитување на обвинителниот акт. Наводите во претставката по однос на тоа дека решенијата кои се составен дел на записници од 16.05.2022 година и

18.11.2022 година не се образложени се жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува, а воедно судијата ги прифатил наводите на јавниот обвинител во врска со предложените докази во своите одлуки.

Претставка УПП.бр.26/23 од 23.1.2023 година - поради незадоволство поради тоа што не бил известен по поднесени претставки, а во врска со незадоволство од постапување на судии на Основен граѓански суд Скопје. Подносителот поднел претставка до Советот заведена под УПП.бр.340/22 од 27.09.2022 година и нова претставка. Претставката била разгледана на седница на Советот одржана на ден 26.10.2022 година и оценета како неоснована за што подносителот е известен на ден 28.10.2022 година и претставката е архивирана. Во поднесено дополнување на претставката УПП.бр.340/22 од 12.10.2022 година подносителот посочил дека исразува незадоволство од постапувањето на уште еден судија од Основен граѓански суд Скопје и претседателот на судот. Советот направил технички пропуст и по однос на ова дополнување не доставил одговор. Имено како што е наведено во дополнувањето на претставката од 12.10.2022 година судијата не постапувала согласно законските рокови. Советот констатира дека непостапувањето на судиите согласно законските рокови е индикатор кој Советот го има во предвид при оценувањето на судиите. Подносителот на ден 21.11.2022 година повторно поднел барање/известување до Советот во кое е наведено дека известувањето од 28.10.2022 година не соодветствува со претставката. Ова барање на подносителот со резолуција е заведено како нова претставка УПП.бр.412/1 од 21.11.2022 година.На ден 02.12.2022 година подносителот повторно поднел барање во кое наведува дека нема поднесено претставка на ден 21.11.2022 год Со известување од 05.12.2022 година подносителот е известен дека дописите поднесени 15.11.2022 година и 21.11.2022 година се заведени како нова претставка.Претставката УПП-412/22 од 21.11.2022 година откако е разгледана на одржана седница на Советот на ден 20.12.2022 година, со службена белешка од 30.12.2022 година е архивирана.

Претставка УПП.бр.1/23 од 03.1.2023 година - се наведува дека второстепените судии од Апелационен суд Гостивар кои постапуваат по предметот ГЖ-1154/21 заведен во овој суд на 01.12.2021 година до поднесување на претставката и барањето за нивно изземање немаат постапено по истиот, односно постапиле спротивно на чл.355-а од ЗПП. По однос на наводите на подносителот дека е пречекорен рокот на постапување и дека предметот е ставен па потоа повлечен од АКМИС системот истите се неосновани, од причина што додека конечно не се верификува одлуката, предметот повеќе пати може да биде повлечен од АКМИС.По однос на роковите за решавање на предметите истите се инструктивни, во граѓанската постапка не постои институтот застареност на водење на постапката. Во делот на наводите дека било поднесено барање за изземање на судија истите се вистинити, а претседателот на Апелационен суд Гостивар со решение СУ ИЗЗ-79/22 од 29.12.2022 година ова барање го отфрлил како недозволено.Советот констатира дека наводите по однос на тврдења на подносителот за евентуални пазарање, притисоци од страна на судиите и слично не можат да бидат земени во предвид, со оглед на тоа што истите се непоткрепени и паушални.По однос на останатите наводи во претставката истите биле истакнати во барањето за изземање на судиите против кои е и поднесена предметната претставка, но истите можат да бидат предмет на вонреден правен лек, па во таа смисла Советот не е надлежен да постапува. Во делот на наводите изнесени во претставката по однос на непочитување на роковите Советот констатира дека истите ќе бидат предмет на разгледување при оценување на работата на судијата. Во смисла на гореизнесеното Советот не е надлежен да менува судски одлуки, ниту да цени докази од причина што согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон.

**Точка 17**

**Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба**

Претседателот на Советот Весна Дамева , истакна дека по точките 17 и 18 од Дневниот ред , **се исклучува јавноста** согласно член 39 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ,

**Точка 18**

**Формирање на Комисии на известители по поднесени Барања за утврдување на одговорност на судија / претседател на суд**

**Точка 19**
**Избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје**

По оваа точка од Дневниот ред, претседателот на Советот Весна Дамева и даде збор на Мери Радевска, член на Советот, која наведе дека претседателот на Основниот кривичен суд Скопје постапувајќи согласно чл.53 ст.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ, со допис Су.03 бр.72/2023од 15.02.2023 година достави предлог листа на кандидати за избор на судии поротници кои ги исполнуваат законските услови за вршење на функцијата судија поротник регулирани во чл.42 од Законот за судовите.Истакна дека согласно чл.42 од Законот за судовите, судиите поротници ги избира и разрешува Судскиот совет на Република Северна Македонија, под услови и во постапка определена со закон. Согласно чл.36 ст.1 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот е надлежен да избира и разрешува судии поротници. По извшените проверки и изготвен е извештај и констатирано е дека Розалита Дојчиноска,Викторија Петроска Стрезоска и Екатерина Димоска ги исполнуваат законските услови да бидат судии поротници.

Претседателот на Советот отвори расправа, па со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева го стави предлогот - избор на судии поротници во Основен кривичен суд Скопје на гласање. По гласањето констатира дека од 13 присутни гласале 13- "ЗА" – едногласно е усвоен. Согласно чл. 53 ст. 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ кога Советот избира судија-поротник во суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. Во таа насока, претседателот на Советот побара да гласаат членовите на Судскиот совет припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ.По гласањето констатира дека едногласно, со 5 гласа „За" и ниту еден глас „Против" гласале членовите на Судскиот совет припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ,по што ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**

За судии поротници на Основен кривичен суд Скопје се избрани:
1. Розалита Дојчиноска;
2. Викторија Петроска Стрезоска и
3. Екатерина Димоска.
Одлуката влегува во сила од 20.02.2023 година

**Точка 20**
**Разно**

Претседателот на Советот Весна Дамева истакна дека на сите членови на Советот доставен им е на запознавање Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Судскиот совет на РСМ и воедно ги запозна членовите на Советот дека од страна на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците доставено е известување за започнување постапка за мобилност преку трајно преземање на вработени од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во кое се бара постапката за мобилност да се финализира во пократок временски рок , а во прилог истакна дека е доставен табеларен преглед за едно лице кое треба да се превземе во Судскиот совет , тоа е лицето Суада Куртиши од Одделение за унапредување на јазиците и на работно место помлад соработник за унапредување на употребата на јазиците на етничките заедници, со завршен Правен факултет по што отвори расправа.Воедно наведе дека во Правилникот за

систематизација на работни места во Судскиот совет на РСМ нема предвидено такво работно место, па отвори расправа по наведеното .

За збор се јави заменик претседателот на Судскиот совет на РСМ- член на Советот м-р Селим Адеми, кој истакна дека ќе се произнесе за наведеното, имено наведе дека со измена на Годишниот план за вработување потребно е да се пополнат местата преку унапредување и распоредување , од причина што вработени во Советот си даваат отказ, а две години во Советот се контактира со Министерството за информатичко општество на РСМ без резултат и наведе дека има места за да се унапредат вработени од стручната служба. Претседателот на Советот истакна дека е потребно посеопфатно да се изврши анализа во врска со унапредувањата, доколку нема законска пречка.

По исцрпување на оваа точка од дневниот ред, претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпен дневниот ред од 431-та седницата и истата заврши во 18,00 часот .

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**Судски совет на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

Изработил: Весна Михајловска , Државен советник
Одобрил: Весна Толева, Генерален секретар